# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 13 Март 2023 година Скопје Бр.4 Год. XVIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ ....стр.2
2. Одлука за прифаќање донација од СКОПСКИ ПАЗАР АД – Скопје ....стр.4
3. Одлука за прифаќање донација од Александер и Ива Долстрај Скопје ....стр.6
4. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....стр.8
5. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година ....стр.18
6. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година ....стр.34
7. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година ....стр.42
8. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....стр.56
9. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година .стр.65
10. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....стр.70
11. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....стр.74
12. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....стр.79

13. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ....................стр.86
14. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година ....................стр.90
15. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.94
16. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.100
17. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“, Програмата за комунални дејности, Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2022 година ....................стр.104
18. Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.125
19. Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.144
20. Одлука за отпис за основни средства сопственост на Општина Ѓорче Петров ....................стр.147
21. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колоните самофинансирачки активности и дотации ....................стр.150
22. Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за 2023 година ....................стр.152
23. Одлука за утврдување на висината на девизен благајнички максимум за 2023 година ...стр.154

**Март 2023 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува одлуката за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“- Ѓорче Петров - Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/1**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 116 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 16 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната сметка за 2022 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје, за сметките:

- 7780101996 787 17,
- 7780101996 903 11 и
- 7780101996 603 10.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/3**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација**
**од СКОПСКИ ПАЗАР АД – Скопје**

Се објавува одлуката за прифаќање донација од СКОПСКИ ПАЗАР АД – Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/2**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), врз основа на одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија” бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од СКОПСКИ ПАЗАР АД - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз – Скопје, која се состои од канцелариски мебел за опремување на новата општинска зграда, во вкупен износ од 1.181.637,84 денари со вклучен ДДВ, кои ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-574/4**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за прифаќање донација**
**од Александер и Ива Долстрај Скопје**

Се објавува одлуката за прифаќање донација од Александер и Ива Долстрај Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/3**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15”), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр. 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр. 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Александер и Ива Долстрај Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од Александер и Ива Долстрај – Промотори за здрава животна средина и донатори од Скопје која се состои од поставување на мрежа од 10 сензори за мерење на квалитетот на воздухот со главна цел лоцирање и пронаоѓање на вистинските загадувачи во вкупен износ од 123.390,00 денари со вклучен ДДВ, кои ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/5**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/4**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.03.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче Петров Г-дин Александар Стојкоски

**Изготвувач** : Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности

**Претставник**: Раководител на одделение за јавни дејности
Соња Палчевска – Ќосева

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на Програма на Општина Ѓорче Петров во остварување на социјална , детска и здравствена заштита во 2022 година (за период 01.01.- 31.12.2022 година)**

**Скопје, март 2023година**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програма на Општина Ѓорче Петров во остварување на социјална , детска и здравствена заштита во 2022 година (за период 01.01.- 31.12.2022 година)**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, кој беше донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува реализираните активности и финансиски средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Во делот на социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :

**1.Еднократна парична помош за новороденче**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче родено на подрачјето на Општина Ѓорче Петров. Одобрени се 251 барања за новороденче од кои 125 мажи и 126 жена . Близнаци се 6 пара (5м и 7 ж).** |
| **Главна цел :** | **Еднокkратна парична помош за секое новородено дете** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати :** | **Доделување на еднократана помош на новородено дете во износ од 5000 ден .** |
| **Предвидени финансиски средства :** | **1.600.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **1.470. 000.00** |
| **Вкупно останати** | **130.000,00** |

**2.Еднократна парична помош**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Доделување на еднoктатни финансиски средства или материјална поддршка на физички лица на кои им е потребна хируршка интервенција во странство , тешко болни лица , самохрани родители со висок степен на социјален ризик , деца без родители и родителска грижа, поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава но не како резултат на елементарна непогода , физички лица -корисници на минимална социјална помош , семејства во кои нема вработени . новоформирани брачни двојки кои се невработени .** |

| | |
|---|---|
| **Главна цел :** | **Доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени лица како и на тешко болни лица. Одобрени се 176 барања од кои 101 жени и 75 мажи.** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати :** | **Помош на социјално загрозени и болни лица** |
| **Предвидени финансиски средства** | **1.600.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **598.000,00** |
| **Вкупно останати** | **1.002,000.00** |

**3.Патролна социјална служба**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Патролна социјална служба која ќе евидентира на терен социјално загрозени лица , ќе прави дата база на податоци и ќе им помага во разрешување на нивните социјални проблеми** |
| **Главна цел** | **Разрешување на социјалните проблеми на социјално загрозените лица** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Одделение за јавни дејности** |
| **Резултати :** | **Собирање на дата база на податоци за социјално загрозените лица како и помош на истите** |
| **Предвидени финансиски средства** | **130.000 ден** |
| **Потрошени финансиски средства** | **0** |
| **Вкупно останати** | **0** |

**4. Еднократна материјална поддршка во дрва**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Еднократна материјална поддршка во дрва на социјално загрозените лица** |
| **Главна цел** | **Доделување на материјална поддршка во дрва на социјално загрозените лица** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Одделение за јавни дејности** |

| | |
|---|---|
| **Резултати :** | **Помош и материјална поддршка во дрва на 7 социјално загрозени лица** |
| **Предвидени финансиски средства** | **90.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **25.900,00 ден** |
| **Вкупно останати** | **64.100,00** |

**5. Крводарителска акција**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Крводарителска акција во соработка со Црвен крст на РСМ - општинска организација Карпош** |
| **Главна цел** | **Обезбедување на крвни единици за здравствените институции** |
| **Време на релизација :** | **Два пати во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров, Црвен крст на РСМ – општинска организација Карпош и Институт за трансфузиона медицина** |
| **Резултати :** | |
| **Предвидени финансиски средства** | **80.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **801, 00** |
| **Вкупно останати** | **79.199,00** |

**6. Обезбедување помош и нега на стари лица**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негувателите. Целна група се стари лица со навршени 65 години живот со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, а живеат на територија на општина Ѓорче . На годишно ниво ќе се обучуваат 20 лица од општина Ѓорче Петров кои спаѓаат во ранлива категорија на граѓани, со што на долг рок ќе се влијае врз вклучувањето во пазарот на трудот.** |
| **Главна цел** | **Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров . Услуга и помош во домот на стари лица** |

| | |
|---|---|
| **Време на релизација :** | **Во текот на годината** |
| **Носител на активноста :** | **Црвен крст на РСМ и одделение за јавни дејности** |
| **Резултати :** | 1.1. 20 обучени негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во првата година, за 5 години обучени 100 негуватели<br>1.2. Опслужани над 60 корисници на годишно ниво со нега и остварени 28.800 часа помош и нега во домот |
| **Предвидени финансиски средства** | **0** |
| **Потрошени финансиски средства** | **0** |
| **Вкупно останати** | **/** |

**7. Локален акциски план за вработување на ромки**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Локален Акциски план за вработување на ромки во Општина Ѓорче Петров** |
| **Главна цел** | **Зголемување на пристапот  и учество на Ромките на пазарот на трудот** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 1 година** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров ,  Министерство за Локална самоуправа и Хера.** |
| **Резултати :** | **Поттикнивање на учество на жените Ромки на пазарот на трудот и отварање на нови можности за нивно вработување .** |
| **Предвидени финансиски средства** | **152.754 ден .** |
| **Потрошени финансиски средства** | **24.483.00** |
| **Вкупно останати** | **128.271,00** |

**8. Хуманитарни акции во текот на целата година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во текот на 2022 година одржани се 4 хуманитарни акции за социјално загрозените лица на територија на општина Ѓорче Петров во Културниот дом во Општина Ѓорче Петров .** |
| **Главна цел** | **Помош на социјално загрозени лица со пакети со храна и хигиенски средства . Поделени се 240 пакети со храна** |
| **Време на релизација** | **Во текот на годината одржани се 4 хуманитарни организации** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров и фирми кои донираа прехранбени пакети ( КАМ – Маркет ,Стокомак Доо , Жито маркет , Тинекс МТ , Сел- ис , Дооел Кики , Ука Комерц ).** |
| **Резултати :** | **Помош на социјално загрозени лица . Поделени се 240 пакети со храна** |
| **Предвидени финансиски средства** | / |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Вкупно останати** | / |

**9. Хуманитарна акција по повод празникот на општината**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **По повод празникот на Општината организирана е хуманитарна акција за социјално загрозените лица .** |
| **Главна цел** | **Помош на социјално загрозени лица** |
| **Време на релизација :** | **Еднаш во годината.** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати :** | **Одржана е хуманитарна акција по повод празникот на ОЃП . дадени се хуманитарни пакети пакети од донации на фирми . ( 70 пакети )** |
| **Предвидени финансиски средства** | **0** |
| **Потрошени финансиски средства** | **0** |
| **Вкупно останати** | / |

**10. Годишна чланарина на Црвен крст на РСМ општинска организација Карпош**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Обновување на годишна членарина за 2022 година за Црвен крст и вработени од ОЃП., 6 ООУ та и 1 градинка „ Росица„ |

| | |
|---|---|
| **Главна цел** | Формално зачленување во организација на Црвен крст за 1 година ( 100-120 члена ) за општинска администрација , 6 ООУ та и 1 градинка „ Росица „ |
| **Време на релизација :** | Еднаш годишно (јануари – март ) |
| **Носител на активноста :** | ОЃП– (Одд за јавни дејности ) и Црвен крст |
| **Резултати :** | Зачленети 100-200 члена |
| **Предвидени финансиски средства** | 18.000, 00 |
| **Потрошени финансиски средства** | **12.000** |
| **Вкупно останати** | **0** |

## III. Рекапитулар за потрошени финансиски сретства

За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година планираните 3.670.754 од ден, потрошени се вкупно 2.131.184 ден.

**Планирани: 3.670.754 денари .**
**Потрошени: 2.131.184 денари.**

| | **Преглед на релизирани проекти во 2021 год од Програмата за социјална и здравствена заштита Активност/позиција** | Еднократна парична помош | Материјална помош во дрва | Помош за новороденче | Други договорни услуги -патролна | Други трансфери | Крводарителски акции | Трансфер до НВО Акциски план за | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А. Превентивна и здравствена заштита** | | | | | | | | |
| 1 | **Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2021 год** | | | **1.470.000** | | | | | **1.470.000** |
| 2 | **Еднократна парична помош** | **598,000** | | | | | | | **598,000** |
| 3 | **Патролна социјална служба** | | | | 0 | | | | **0** |
| 4. | **2. Еднократна материјална поддршка во дрва или сл.** | | 25.900 | | | | | | **25.900** |
| 5 | **Крводарителска акција** | | | | | | 801.00 | | **801.00** |
| 6 | **Обезбедување помош и нега на стари лица** | | | | | 0 | | | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **Локален акциски план за вработување на ромки** | | | | | | | 24.48 3,00 | **24.483, 00** |
| 8 | **Хуманитарни акции** | | | | | | | | **0** |
| 9. | **Хуманитарна акција по повод празникот на ОЃП** | | | | | | | | **0.** |
| 10. | **Годишна членарина за Црвен крст на РСМ општинска организација Карпош** | | | | | 12..0 00 | | | **12.000** |
| 11. | **Вкупно потрошени финансиски средства** | 598.0 00 | 25.9 00 | 1.470.0 00 | | 12.0 00 | 801. 00 | 24.48 3 | **2.131.1 84** |
| 12. | **Вкупно планирани финасиски средства** | **1.600. 000** | 90.0 00 | 1.600.0 00 | 130.000 | 18.0 00 | 80.0 00 | 152.75 4 | **3.670 .754** |

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година за период од 01.01.-30.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/5**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.03.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче Петров Г-дин Александар Стојкоски

**Изготвувач** : Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности

**Претставник**: Раководител на одделение за јавни дејности
Соња Палчевска – Ќосева

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

**Скопје, март 2023 година**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

**I. Вовед**

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2022 г. до 31.12.2022 г.

Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни

историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможуваме како општина пред сè збогатување на културниот живот и развој на музичката и балетската култура.

**II.Реализирани активности**

Во текот на 2022 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 31.12.2022 година се реализирани следните активности:

**1.Организирање на културни манифестации**

- Ликовна изложба „ Илустрации од македонската литература за деца, 90-тите години од XX век ” во Центарот за култура во Ѓорче Петров
- Хуманитарен концерт, со мото дефиле, со музичка програма во реонскиот парк во Ѓорче Петров и крводарителска акција во Центарот за култура во Ѓорче Петров
- Поддршка на манифестацијата *Злашен вез*
- Поддршка на манифестацијата *Од Бисшра йреку Дервен до Ханриево*

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

- Поддршка на програмата на КУД „Григор Прличев”
- Поддршка на програмата на ЕФЗ „Седум осмини”
- Поддршка на програмата Ансамбл „ Ѓорче Петров”
- Поддршка на програмата на АКУД „Мирче Ацев”
- Поддршка на „Гоце Фест”
- Поддршка на Здружението на граѓани „ Свет на различни, а еднакви” за реализација на инклузивна сликовница
- Поддршка и соработка со Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи” во рамки на проектот „Чудата во Алиса“ за инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров
- Поддршка на Танцов Спортски клуб „Бранимир и Бранкица”

1. **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ**

***1.1 Прослава на верски празници***

***А) Прослава на Водици***

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално имаше положување на светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково.<br>*Мотивирање на женската популација за вклучување во настанот. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција . |
| **Време на реализација** | јануари |

| | |
|---|---|
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник |
| **Очекувани резултати:** | • Афирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи и народни верувања.<br>• Активно и масовно учество на граѓаните во овој традиционален настан, особено помладите генерации.<br>• Зголемено учество на жените во настанот |
| **Предвидени финансиски** | Други оперативни трошоци 50.000 ден. |
| **Потрошени финансиски средства** | / *Активноста е реализирана без финансиски трошоци |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно:** **50.000 ден**. |

***Б. Прослава на верскиот празник Св.Трифун***

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Овој христијански празник – Св.Трифун, во општината традиционално се одбележа во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваа на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција. |
| **Време на реализација** | 14 февруари |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник |
| **Резултати:** | • Активно и масовно вклучување на граѓаните и граѓанките во одбележување на верскиот празник |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни трошоци **25.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | / *Активноста е реализирана без финансиски трошоци |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно:** **25.000,00 ден.** |

***1. 2. Одбележување на државни и општински празници во 2022 година***

**А) Одбележување на државни празници**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Градоначалникот, делегација од општинската администрација , советот на Општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, положуваат свежо цвеќе и оддаваат почит.<br>-2 април (Ден на раѓањето на Ѓорче Петров)<br>-9 Мај ( Денот на победата против фашизмот)<br>-24 Мај ( Ден на Св. Кирил и Методиј)<br>-28 јуни (Годишнина од погибието на Ѓорче Петров)-<br>- 8 септември (Ден на независноста)<br>-11 Октомври (Ден на народното востание)<br>-23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба)<br>-13 ноември/ 14 ноември (Ден на ослободување на Скопје и Ѓорче Петров)<br>-8 декември (Ден на Св. Климент Охридски) |
| **Главна цел:** | *Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон татковината.<br>*Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја.<br>*Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација:** | тековна активност |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник |
| **Резултати:** | -Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан;<br>-Оддавање почит и чест, како и негување на споменот за паднатите борци<br>- Подеднаква родова застепеност во делегациите за полагање цвеќе |
| **Предвидени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **70.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | Изнајмување техничка опрема<br>за положување цвеќе (28.06.2022) 7.080,00 ден. |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно: 62.920,00 ден.** |

## Б) Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Со комеморативна свеченост, положување цвеќе и армиски почести, Општина Ѓорче Петров им оддаде почит на бранителите од село Волково кои загинаа во конфликтот во 2001 година. |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и негување на споменот за загинатите бранители кои загинаа во конфликтот од 2001 година.<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>* Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација** | 10 август |

| | | |
|---|---|---|
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | |
| **Резултати:** | • Оддадена почит и чест и сеќавање и негување на споменот за паднатите бранители во конфликтот од 2001 година, да не се заборави нивната огромна жртва за нашата татковина. | |
| **Предвидени финансиски** | Други оперативни расходи | **20.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски** | Озвучување | 5.660,00 ден. |
| **Останати финансиски** | **Вкупно:** | **14.340,00 ден.** |

## В) Ден на општината

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Одбележување на Денот на општината со Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма**<br>На 20 септември, се одбележа денот на општината и на свечената седница на Советот на Општината се додели Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на Општината. Беа доделени и признанија и награди кои им се доделуваат на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата на општината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието, образованието и за унапредување на животната средина и природата.Изборот го изврши Комисијата за награди и признанија, во согласност со Правилникот за награди и признанија по претходно објавен оглас.<br>*Општината се труди да обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности |
| **Главна цел:** | Целта е одбележување на Празникот на општината, зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. |
| **Време на реализација** | 20 септември |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија |
| **Резултати:** | • Промоција на Општина Ѓорче Петров<br>• Доделени награди и признанија за посебен придонес за афирмација на општината<br>• Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани.<br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |

| | | |
|---|---|---|
| **Предвидени трошоци по позиции** | Услуги за печатење, копирање и издавање | 100.000,00 ден. |
| | Договорни услуги | 120.000,00 ден. |
| | Други оперативни расходи | 30.000,00 ден. |
| **Предвидени финансиски** | **Вкупно:** | **250.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | Конферансие 6.792,00 ден.<br>Изведба на Гудачко трио „Пламенка Трајковска" 10.494,00 ден.<br>Балонска декорација на бина во парк 9.650,00 ден.<br>**Вкупно 26.936,00 ден.** | |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно** | **223.064,00 ден.** |

**Г. Прослава на Денот на крстот-Кучково**

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир, „Ден на крстот". На овој ден ќе се одржат и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан , ликовна колонија и културно-уметничка програма.<br>Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на собирот. | |
| **Главна цел:** | Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува веќе 13 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива. | |
| **Време на реализација** | 1 Мај | |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за јавни дејности и МЗ Кучково | |
| **Резултати:** | Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково. | |
| **Предвидени трошоци по позиции** | Храна и пијалоци | 50.000,00 ден |
| | Договорни услуги | 100.000,00 ден |
| | Други оперативни расходи | 100.000,00 ден |
| | Угостителски услуги | 80.000,00 ден |
| | Услуги за копирање и печат | 70.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени фин. средства** | **Вкупно : 400.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски средства** | / * Активноста не е реализирана<br><br>*АКУД „Мирче Ацев" (карти за концерт) 5.000,00 ден.<br>*Гоце Фест (карти за концерт) 12.000,00 ден.<br>**Вкупно 17.000,00 ден**. |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно: 383.000,00 ден.** |

**2.ПОДДРШКА НА УСТАНОВИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

**А. Поддршка на програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината логистички и финансиски ги поддржува програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров кои достојно и на високо професионално ниво ја претставуваат општината, а на своите турнеи надвор од Македонија го претставуваат и афирмираат македонскиот фолклор и традиција. |
| **Главна цел:** | Традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција преку турнеи и надвор од Р Македонија. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција |
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија **60.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно**: **60.000,00 ден** |

**Б.Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината дава логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на |

| | |
|---|---|
| | граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија |
| **Главна цел:** | Соработка,промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Заемна доверба,соработка,партнерство,независност,учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација. |
| **Предвидени и останати финансиски средства:** | Трансфер до здруженија на граѓани 60.000,00 ден.<br>Други трансфери за физички лица и поддршка на уметници 100.000,00 ден.<br>**Вкупно: 160.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно : 160.000,00 ден**. |

**В. Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Оваа активност се однесува на партиципација на Општина Ѓорче Петров во проекти од областа на културата или за кои Општина Ѓорче Петров има потпишано меморандуми за соработка. Активноста подразбира добивање на логистичка, техничка и финансиска подршка на проектите за кои општината е согласна дека ќе се реализираат во соработка со владини или невладини организации. |
| **Главна цел:** | Целта на овие активности е издигнување на културната свест на граѓаните, но и да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.<br>Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување. |
| **Време на реализација** | Во текот на 2022 година |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Ефективна и ефикасна реализација на проектите<br>Одржлив развој на проектите<br>Зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | Трансфер до здруженија 100.000,00 ден.<br>Договорни услуги 400.000,00 ден.<br>**Вкупно: 500.000,00 ден.** |
| **Потрошени финансиски средства** | / |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно: 500.000,00 ден.** |

**Г).Организирање на изложби**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички организира изложби |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани и активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината.Беа реализирани:<br>- Ликовна изложба *„Илустрации од македонската литература за деца, 90-тите години од XX век ”* во Центарот за култура во Ѓорче Петров и<br>-Изложба *„Егзотични птици”* |
| **Предвидени финансиски средства:** | Договорни услуги **50.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски средства** | /*Активностите се реализирани без финансиски трошоци |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно : 50.000,00 ден** |

**Д) Литературно читање во собата на Анте Поповски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *Поддршка за одржување на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо” и доделување на наградата Антево слово во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте поповски. |
| **Главна цел:** | Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Побогат културен живот, средби со македонски поети |

| | |
|---|---|
| **Предвидени и останати фин. средства:** | Храна и пијалоци **10.000,00 ден**<br>**Манифестацијата се одржа на 20 октомври во Музејот на македонската борба за самостојност без финансиски трошоци* |

### 3. Манифестации на Општина Ѓорче Петров и основните училишта во општината

### А) *Звуци на културата 2022*

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамките на манифестацијата *„Звуците на културата“*, граѓаните можеа да уживаат во неколку активности:<br>*Настап на учениците од основните училишта и градинка *„Росица”,* Танцовиот спортски клуб *„Бранимир и Бранкица”* и народните ора и звуците на македонската традиционална музика на ЕФЗ *„Седум осмини”,* КУД *„Григор Прличев”,*<br>Ансамбл *„Ѓорче Петров* и Здружението на пензионери *„Ѓорче Петров”*<br>* Меѓународен детски фолклорен фестивал *„Златен вез”* -КУД Григор Прличев<br>*Манифестација *„ Ден на органско производство и форум за еко туризам преку регионални практики”* -Еко партнерс<br>•Манифестацијата *„Од Бистра преку Дервен до Ханриево”*- ЕФЗ *„Седум осмини*” и Ансамбл *„Ѓорче Петров “*<br>*Крводарителска акција во Центарот за култура<br>*Изложба на кинолошко друштво *„Поларис”*<br>*Културно-уметничка програма со настапот на музичари, пејачи од Ѓорче Петров: Стојне Николова, Даниел Данн, Мијата, Дицеј Горан<br>*Со велосипеди и пеш *„ Сите во Кучково ”* | |
| **Главна цел:** | Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните ,афирмација на млади таленти, како и помалку познати пејачи и бендови, издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката.<br>Целта на оваа активност е и поттикнување на интерес кај граѓаните, поголема соработка со збратимените општини преку размена на искуства како и збогатување на културниот живот во општината. | |
| **Време на реализација:** | јуни-септември (3-5 дена) / Реонски парк | |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности | |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. | |
| **Предвидени трошоци по позиции** | Услуги за печатење и копирање | 50.000,00 ден. |
| | Договорни услуги | 330.000,00 ден. |
| | Други оперативни расходи | 30.000,00 ден. |
| | Храна и пијалоци | 50.000,00 ден. |
| | Трансфер до здруженија | 40.000,00 ден. |
| | **Вкупно:** | **500.000,00 ден.** |

| | |
|---|---|
| **Потрошени финансиски средства** | **Договорни услуги**<br>Озвучување 22.639,00 ден.<br>Манифестација „Од Бистра преку Дервен до Ханриево” 10.188,00 ден. |
| **Останати финансиски средства** | **Вкупно: 467.173,00 ден.** |

**Б) Детски фестивал „Соната”**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На овој оригинален детски фестивал учествуваа дечиња од основните училишта од Општина Ѓорче Петров во рамки на одбележување на Ден на општината |
| **Главна цел:** | Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите. |
| **Време на реализација:** | септември |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите |
| **Предвидени и останати финансиски средства:** | Договорни услуги **60.000,00 ден** |
| **Потрошени средства** | / |

**В) Заеднички концерт на основните училишта „Пееме во хор, пееме и соло”**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Училишните хорови од сите шест основни училишта во Општина Ѓорче Петров настапуваат на заеднички концерт под мотото „Пееме во хор, пееме и соло, сите се радуваме, нема веќе школо”.<br>Концертот не е со натпреварувачки карактер туку е можност на секое од ООУа да се претстават со свои изведби по свој избор и е пред се дружење и меѓусебна соработка на учениците и наставниците по музичко од основните училишта, како и размена на нивните искуства. |
| **Главна цел:** | Поттик и мотивирање на учениците да го истакнат својот талент, да ги искажат своите музички способности , но и поттик за учениците, како и наставниците да се трудат, да веруваат во својот успех и во своето знаење. Исто така е и можност за соработка меѓу наставниците по музичко и меѓу децата од секое општинско основно училиште. |
| **Време на реализација:** | мај/Центар за култура |
| **Носител на активноста:** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Мотивирани, самоуверени и исполнети ученици и наставници како и подлабока соработка меѓу наставниците по музичко од сите основни општински училишта. Активно учество на децата во културниот живот во општината и негување и поттикнување на нивната љубов кон музиката. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени и останати финансиски средства:** | Храна и пијалоци **10.000,00 ден.** |
| **Потрошени средства** | / |

**Г) Божиќна претстава за деца**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Македонски актери ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на бајките. |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата. |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | • Збогатување на културниот живот на најмалите во општината<br>• Задоволни и среќни дечиња |
| **Предвидени и останати финансиски средства:** | Договорни услуги **50.000,00 ден** |

**РЕКАПИТУЛАР**

| | **Рекапитилар на Програмата за култура Активност/позиција** | Прехрамбени продукти и | Угостителски услуги | Услуги за печатење, | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери за физички | Трансфер до здруженија | **ВКУПНО Потрошени средства** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Прослава на Водици** | | | | | | | | **0** |
| 2 | **Прослава на Св. Трифун** | | | | | | | | **0** |
| 3 | **Одбележување на државни празници во 2022** | | | | | 7.080 | | | **7.080** |
| 4 | **Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година** | | | | 5.660 | | | | **5.660** |
| 5 | **Литературно читање** | | | | | | | | **0** |
| 6 | **Ден на општина** | | | | 17.286 | 9.650 | | | **26.936** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **Прослава на Денот на крстот-Кучково** | | | | | 17.000 | | | **17.000** |
| 8 | **Поддршка на програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров** | | | | | | | | **0** |
| 9 | **Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата** | | | | | | | | **0** |
| 13 | **Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата** | | | | | | | | **0** |
| 14 | **Организирање на изложби** | | | | | | | | **0** |
| 15. | **Литературно читање** | | | | | | | | **0** |
| 17 | **Манифестација „Звуците на културата"** | | | | 32.827 | | | | **32.827** |
| 18 | **Детски фестивал „Соната"** | | | | | | | | **0** |
| 19 | **Заеднички концерт на ООУа** | | | | | | | | **0** |
| 20 | **Божиќна претстава за деца** | | | | | | | | **0** |
| 21 | **Потрошени средства** | **/** | **/** | **/** | **55.773** | **33.730** | **/** | **/** | **89.503** |
| 22 | **Останати средства** | **130.000** | **80.000** | **220.000** | **1.054.227** | **291.270** | **100.000** | **243.000** | **2.118.497** |
| 23 | **Предвидени средства** | **130.000** | **80.000** | **220.000** | **1.110.000** | **325.000** | **100.000** | **260.000** | **2.225.000** |

За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2022 година (за период од 01. 01. - 31.12.2022 година) од вкупно предвидени 2.225.000 денари потрошени се вкупно 89.503 денари.

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/6**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче Петров Г-дин Александар Стојкоски

**Изготвувач** : Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности

**Претставник**: Раководител на одделение за јавни дејности Соња Палчевска – Ќосева

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

**Скопје, март 2023 година**

# I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на спортот на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на спортот и омасовување на спортот

За реализирање на активностите од Програмата од областа на спортот за 2022 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Во текот на 2022 година во период од 01.01.2022 до 31.12.2022, согласно програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор се реализирани следните активности:

**1. Традиционални спортски активности и манифестации**

- Поддршка на училишниот спорт

**2. Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

- Поддршка на спортски клубови

- Поддршка на Ракометен Клуб Ѓорче Петров ЖРК
- Поддршка на ФК Волково
- Поддршка на ФК Македонија ЃП

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2022 до 31.12.2022 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на спортот за 2022 година:

**- Програмата на ОСУС Ѓорче Петров, односно активностите според календарот на училишни натпревари.**

**1. Општински сојуз на училишен спорт**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски ќе го поддржува **училишниот спорт** на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров. |

| | |
|---|---|
| | *Доставен комплетен финансов план, годишна програма и календар на натпревари. |
| **Главна цел:** | Афирмација и запознавање со екипниот спорт на школската популација, дружење преку спортот. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Спортска социјализација и запознавање со колективните спортови. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Хонорари, тековни работи (фотографирање, награди и сл.) и трошоци за стручните лица 450.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 349.021 ден |

**2. Отворени забавни фудбалски школи**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Забавна спортска рекреација за деца**,** активност која се реализира **преку целата учебната година**, на Различни локации , преку Отворените забавни фудбалски школи (Open Fun Football School), со конкретниве обврски на Отворените Забавни Фудбалски Школи |
| **Главна цел:** | Забава и дружење преку спортот и играта |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | / |
| **Предвидени финансиски средства:** | 60.000 |
| **Потрошени финансиски средства** | /<br>До овој период не се потрошени финансиски средства за оваа активност. |

**3. Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Општина Ѓорче Петров финансиски ќе ги поддржува **спортските клубови** – на територија на општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината. |
| **Главна цел:** | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | 600.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | -100.000 ден, еднократна парична помош за ЖРК Ѓорче Петров.<br>-40.000 ден, еднократна парична помош за ФК Македонија ЃП<br>-40.000 ден, еднократна парична помош за ФК Волково<br>* Вкупно потрошени, 180.000,00 ден |

**4. Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Општина Ѓорче Петров финансиски ќе ги поддржува **спортистите**– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината |
| **Главна цел:** | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 300.000 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 115.000,00 ден. |

**5. Ден на општината Ѓорче Петров.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * **-. ,, Традиционален крос " –**Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината**. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта<br>-**,, Шаховска табла"-турнир во шах** - Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината.** Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници.<br><br>-**,, ИГРА НА ХЕРОИ"-турнир во мал фудбал** - Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината.** Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со институциите од јавен карактер кои се наоѓаат во Општината Ѓорче Петров |
| **Главна цел:** | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| **Време на реализација:** | Континуирано |

| | |
|---|---|
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| **Предвидени финансиски средства:** | 60.000 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | Печатење на маици за општинскиот крос, износ 7.402,00 ден<br>Медаљи за учесниците на ученички крос, износ 750,00 ден<br>ВКУПНО: 8.152,00 ден |

## II. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За активностите од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година потрошени се вкупно 652.173,00 денари.

| | Рекапитулар Програма за спорт Активност/позиција | Транспорт на | Прехрамбени | Услуги за печатење, копирање и | Други оперативни расходи | Трансвери до физички лица | Трансфердо спортски клубови | Трансфер до НВО | **ПЛАНИРАНО** | **ПОТРОШЕНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Општински сојуз на училишен спорт** | | | 7.402,00 | 750 | | | 349.021 | 450.000 | **357.173** |
| 2 | **Отворени забавни фудбалски школи** | | | 0 | | | | **60.000** | **60.000** | **0** |
| 3 | **Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови** | | | | | | 600.000 | | **600.000** | **180.000** |
| 4 | **Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров** | | | | | 300.000 | | | **300.000** | **115.000** |
| 5 | **Ден на општината** | | | | 60.000 | | | | **60.000** | **0** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно по позиција** | | | **7.402,00** | **60.750,00** | | | | **1.470.000** | **652.173** |

За активностите од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2022 година што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2022 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Извештајот за реализација на Програмата од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.2022 до 31.12.2022, градоначалникот како предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/7**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на образованието за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на образованието за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/9**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче Петров Г-дин Александар Стојкоски

**Изготвувач** : Раководител на одделение за јавни дејности

**Претставник**: Раководител на одделение за јавни дејности

Соња Палчевска – Ќосева

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

**Скопје, март 2023 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во основните училиштата.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2022 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образованието се унапреди квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Општината Ѓорче Петров обезбеди еднаков пристап до квалитетно образование и еднакви услови за одвивање на наставниот процес.

Реализирани се наставниот план и програмата како и воннаставните активности во основни училишта. Наставниот процес во општинските основни училишта се одвиваше непречено. Почетокот на учебната 2022/2023 година започна со физичко присуство на сите ученици.

Обезбеден е квалитетен интернет пристап за сите основни училишта. Креирана е стимулативна средина за учење преку опремувањето на кабинетите по природни науки. Учениците се мотивирааат преку доделување на награди и признанија за постигнатите високи резултати во областите за кои покажуваат интерес.

Толеранцијата, соживотот и мултикултуралност, родовата еднаквост, екологијата, безбедноста во сообраќајот се стимулираат преку воннаставни активности и соработка со НВО.

## III. ОПИС РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2022 до 31.12.2022 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на образованието за 2022 година:

**АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

| бр. | **Име на Програма /активност** | **Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски)** | **Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор)** | **Временска рамка** | **Планирани финансиски средства од Буџетот** | **Реализиран и финансиски средства од Буџетот** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Упис на првачиња во основните училишта** Обезбедени се ранци за сите деца од прво одделение од основните училишта во општината | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | август септември | 60.000,00 | **60.000,00** |
| 2. | **Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта** | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче | месечно | 410.000,00 | **256.990,00** |
| 3. | **Креирање на стимулативна средина за учење** Опремување на училиштата со наставни помагала, нагледни средства, дидактички матерјали и информатичко-комуникациска технологија, опрема на кабинетите за предметна со настава, зголемување на библиотечниот фонд и др | / | / | / | 780.000 | **0,00** |
| 4. | **Креирање воннаставни активности (Планирање на заеднички воннаставни активности на сите основни училишта)** | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче | во текот на годината | 430.000 | **27.460,00** |
| | -Литературен и ликовни конкурс Борба против насилството | | | мај | | 13.960,00 |
| | - Априлијада-детски маскенбал | | | 1 април | | 13.500,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организација на настан и награди за учесниците | | | | | |
| | - Одбележување на денот на општината преку учество на основните училишта во програмата на општината | | | септември | | |
| 5. | **Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров**<br>Доделени се ваучери за компјутерска опрема за наградените ученици | Одделение за јавни дејности<br>Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај-септември | 90,000,00 | **37.000,00** |
| 6. | **Поддршка на учениците и наставниците за организација на училишни и општински натпревари и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, согласно Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на жителите на Општина Ѓорче Петров од областа на јавни дејности-образование** | / | / | / | 90.000,00 | **0,00** |
| 7. | **"Здрава храна за здрави деца" - Бесплатна ужинка на учениците во I одделение во основните училишта** | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Февруари ,март | 1.700.000,00 | **1.234,480,00** |
| 8. | **Консултативни и други услуги во основните училишта.** | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 220.000,00 | **100.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта.<br>Двајца наставници за продолжен престој | Одделение за човечки ресурси | | | | |
| 9. | **Подршка и партиципација во надворешни проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, спорт и млади, родова еднаквост и сл)**<br>-Интервенција на спортското игралиште во Волково | Одделение за јавни дејности<br>МЦГО | Буџет на Општина Ѓорче Петров | март | 230.000,00 | **60.312,00** |
| 10. | **Одржување на хигиена во основните училишта** | / | / | / | 240.000,00 | **0,00** |
| 11. | **Планови и обуки за заштита и спасување** | Одделение за јавни дејности<br>Основни училишта | Буџет на Општина Ѓорче Петров | по потреба | 200.000,00 | **60.000,00** |
| 12. | **Нафта за основните училишта** | / | / | / | 5.565.000,00 | **2.452.326,00** |
| 13. | **Претплата за електрична енергија** | Одделение за јавни дејности<br>Сектор за финансирање и буџет<br>Основни училишта | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 1.000.000,00 | **988.396,00** |
| 14. | **Вкупно** | | | | **11.015.000,00** | **5.219.652** |

## IV. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образование се унапреди квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.

Постигнати резултати од Програмата од областа на основното образование се:

-Обезбедени еднакви образовни можности и образование за сите деца, ученици и ученички во Општината Ѓорче Петов;

- Обезбедени материјално-технички услови и квалитетен интернет пристап за сите

- Современ наставен процес и стимулативна средина за учење со соодветни нагледни средства и манипулативи;основни училишта;

-Мотивирани учениците и ученичките и високи постигнување на и општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;

-Континуитет во учество на учениците во културни и спортски манифестации, согласно здравствените протоколи;

-Активно и рамноправно учество на децата со посебни образовни потреби во редовниот образовен процес во основните училишта во Општина Ѓорче;

-Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;

-Стекнати нови искуства и добри практики во делот на образованието;

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Процесот на мониторингот на Програмата од областа на основното образование на Општина Ѓорче Петров за 2022 е континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Реализираните активности од областа на основното образование утврдени со оваа програма се финансирани од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022година.

За активностите од областа на образованието според програмата планирани се вкупно **11.015.000,00** денари. - реализирани **5.219.652** денари.

| | Рекапитулар - Извештај за Програма од областа на образованието | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Активност/позиција** | **Транспорт на луѓе (ученици** | **Превозни услуги во образованието** | **Прехрамбени продукти и** | **Наставно образовни** | **Училишни матерјали** | **ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА** | **Услуги за** | **Други договорни услуги** | **Други оперативни расходи** | **Други трансфери** | **Средства за** | **НАФТА** | **Информа. опрема** | **Вкупно по активност** |
| 1 | Упис на првачиња во основните училишта | | | | | 60.000 | | | | | | | | | **60.000** |
| 2 | Обезбедување на интернет пристап за сите основни училишта | | | | | | | | | | **256.485** | | | | **256.485** |
| 3 | Креирање на стимулативна средина за учење<br>Опремување на училиштата со наставни помагала, нагледни средства, дидактички матерјали и информатичко-комуникациска технологија, опрема на кабинетите за предметна со настава, зголемување на библиотечниот фонд и др | | | | | | | | | | | | | | **0** |
| 4 | Креирање воннаставни активности<br>(Планирање на заеднички воннаставни активности на сите основни училишта) | | | | | | | | | 13.500 | 13.960 | | | | **27.460** |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Литературни и ликовни конкурси;<br>- Априлијада-детски маскенбал<br>-Посета на концерти, театри, музеи, природонаучни установи и сл.;<br>- Одбележување на денот на општината | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | | | | | 37.000 | **37.000** |
| 6 | Поддршка на учениците и наставниците за организација на училишни и општински натпревари и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, согласно Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на жителите на Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | | | | | | **0** |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од областа на јавни дејности-образование | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | "Здрава храна за здрави деца" -Бесплатна ужинка на учениците во I одделение во основните училишта | | | | | | | | | | 1.237.480 | | | | 1.237.480 |
| 8 | Вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта | | | | | | | | 100.000 | | | | | | **100.000** |
| 9 | Подршка и партиципација во надворешни проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, спорт и млади, родова еднаквост и сл)<br><br>-Интервенција на спортското игралиште во Волково | | | | | | | | | | | | | | **60.312*** |
| 10 | Одржување на хигиена во основните училишта | | | | | | | | | | | | | | **0** |
| 11 | Планови и обуки за заштита и спасување | | | | | | | | | 60.000 | | | | | **60.000** |
| 12 | Нафта за основните уилишта | | | | | | | | | | | | **2.452.326** | | **2.452.326** |
| 13 | Претплата за електрична енергија | | | | | | 988.396 | | | | | | | | **988.396** |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.000** | **988.396** | **0** | **100.000** | **73.500** | **1.508.430** | **0** | **2.452.326** | **37.000** | **5.219.652** |

*Финансиските средства се исплатени од UNDP

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Извештајот за реализација на Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**

**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/8**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите**
**на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/10**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче Петров Г-дин Александар Стојкоски

**Изготвувач** : Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности

**Претставник**: Раководител на одделение за јавни дејности Соња Палчевска – Ќосева

**ИЗВЕШТАЈ**
**на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности**
**на жените и мажите.**
**за 2022 година**

**Скопје, март 2023 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за активностите на комисијата за еднакви можности е изготвен во насока да даде целосна слика за активностите на Комисијата за еднакви можности за 2022 год.

Со овој извештај се опфатени планираните и потрошените средства кои Комисијата за еднакви можности ги има реализирано во 2022 год.

**1.Извештај за состојбата на еднаквите можности во единиците на локалната самоуправа за 2022 год**

Општина Ѓорче Петров во периодот од 2022 год ги оствари следниве резултати во однос на предвидените цели :

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, зголемени се знаењата и вештините на комисијата за еднакви можности, координаторот и дел од претставниците на општинската администрација за родова еднаквост. Релизирани се неколку проекти од родов аспект во соработка со НВО:

1.Ликовен и литературен конкурс „ Со љубов против насилството „

2.Мапирање на самохрани родители. Во тек е проектот со здружение за родова еднаквост „ Една може „ - мапирање на самохрани родители каде преку одреден линк се регистрираат самохрани родители и координаторот електронски има евиденција за состојбата на самохраните родители .

**3,Со УН Вомен -тело на Обединети нации за родова еднаквост во тек е проектот „ Промоција на родово одговорни политики и буџети„ каде се одржаа работилници и обуки.**

4.Во тек е проект со ЗЕЛС „Кон родово одговорни општини„ажурирање на родова статистика на web страната на ЗЕЛС.

**5.Проект со ЦРПМ „ Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров .**

6. Проект „ Потрошувачите за одржливост во соработка со НВО Антико.

7.По повод празникот на Општина Ѓорче Петров спроведена е активност трчаме заедно во Кучково . Во оваа активност беа вклучени оптинската администрација и членовите на советот.

Од ЗЕЛС е организирана работилница за координаторите на тема; Истанбулската конференција - предизвици и можности на локално ниво.

Спроведени се активности по Стретегија на ЗЕЛС за Локална самоуправа со проектот„ Зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетрирање .

Одржана е панел дискусија на КЕМ во Град Скопје во соработка со комисиите за еднакви можности од општините кои се на територија на Град Скопје. Темата на панел дискусијата е„ Како комисиите за еднакви можности и општинските совети можат да придонесат кон елиминирање на насилството врз жените.

Одржана е обука за членови на работната група – интер секторската група на тема - обука за родови инадикатори и мерење на резултати. Обуката е одржана во хотел „ Метропол „ Охрид.

Одржана е обука од УН Вомен за општинската администрација и советниците во хотел Романтик Велес.

Одржана е обука за членовите на КЕМ и претставници на општинската администрација во хотел „ Изгрев „ во Струга од 5ти до 7 ми Октомври 2022 год. Обуката е за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање. Координаторот за родова еднаквост Данче Василевска и Соња Палчевска Ќосева заменик координатпор ги презентираа придобивките од Стратегијата за родова еднаквост во периодот од 2017- 2022 год . Со членовите на Советот изготвен е и план за идни стратешки цели на КЕМ за новата Стратегија за родова еднаквост за период од 2023 до 2028 год.

Се одржа работна средба со Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. Целта на оваа средба беше информирање за услугите кои ги нуди оваа мрежа за превенција од семејно насилство . Во соработка со оваа НВО лицата од општина

Ѓорче Петров на кои им треба советување за превенција од семејно насилство ќе се упатуваат на консултации и советување.

Одржани се обуки за родовите односи од УН Вомен преку проектот „Промовирање на родово одговорно буџетирање„.

Се одржа работна средба за родова еднаквост во Ореов Лад со членовите на работната групаи и члновите на совет и беше изготвен Акциски план за родова еднаквост .

На 21ви и 22 Јуни во Хотел „Континентал „ - Скопје спроведена е работилница во рамки на проектот „ Потрошувачите за одржливост – инситуционализирање на дијалогот за локални политики и услуги на граѓанското општество кон општините и бизнисот во соработка со женска граѓанска иницијатива Антико .

Одржана е регионална конференција на КЕМ од сите општини „ Родово одговорни политики – „Добри пракси и предизвици од регионот„ во хотел Лимак на 6ти и 7 ми декември 2022 год. Конференцијта е организирана во рамките на проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешко планирање и програмирање на владините институции во РСМ. во соработка со УН Вомен.

Во тек е организирање на трибина за семејно насилство во Општина Ѓорче Петров во соработка со Национален совет за родова еднаквост.

Во тек е процедурата за собирање на податоци за новата Стратегија за родова еднаквост 2023- 2028 год.

Во тек се активностите со Црвен крст за обуки и едукации по прва помош во ООУ та во Ѓорче Петров.

Релизирани се следниве проекти :

**1.Ликовен и литературен конкурс на тема „ Со љубов против насилството„**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во Општина Ѓорче Петров организиран е Ликовен и литературен конкурс на тема „ Со љубов против насилството „„. Комисијата за родова еднаквост избра наградени ученици и подготви скромни награди по повод овој конкурс.** |
| **Главна цел :** | **Поттикнување на родовиот аспект во образовниот процес преку доделување на награди на децата од основните училишта за момчиња и девојчиња.** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати :** | **Родово сензитивни цртежи кои го поттикнуваат унапредувањето на родовата еднаквост преку унапредување на родовите аспекти, намалување на насилството кај момчињата и девојчињата и поттикнување на љубов помеѓу нив. Доделени се приготни награди за децата од основните училишта во Општина Ѓорче Петров .** |
| **Предвидени финансиски сретства :** | **83.896.00 ден** |
| **Потрошени финансиски сретства** | **13.960,00** |
| **Вкупно останати** | **/** |

2. **Мапирање на самохрани родители**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во тек е проектот со Здружение за родова еднаквост ,, Една може,, Институционална поддршка од Цивика Мобилитас – мапирање самохрани родители каде преку одреден линк се регистрират електронски самохраните родители и има евиденција за состојбата на самохраните родители во ОЃП.** |
| **Главна цел :** | **во општината.** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Потрошени сретства** | **/** |

3. **Промоција на родово одговорни политики и буџети со УН Вомен**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во Општина Ѓорче Петров организирана и се 2 обуки за родова еднаквост соработка со УН Вомен а наменети беа за општинската админисрација и членовите на совет . Обуките се одржаа во хотел Романтик Велес и во хотел Изгрев во Струга .** |
| **Главна цел :** | **Едукација на општинската администрација и советниците и развивање на заења за родова еднаквост кои ќе ја унапредат родавата еднаквост во општината.** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Потрошени сретства** | **/** |

4. **Проект со ЗЕЛС ,, Кон родово одговорни општини ,,**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во тек е проектот со ЗЕЛС ,, Кон родово одговорни општини ,, каде се собра дата база на податоци од ООУ та за бр. На деца вработени училишни одбори по пол како и од Поликлиника и др институции** |
| **Главна цел :** | **Собирање на дата база на податоци заради евиденција на состојбата на родовата еднаквост во Ошптина Ѓорче Петров кои ќе помогнат за изготвување на на нови програми и Стратегија за родова еднаквост** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Финансии** | **/** |

**5. Проект со ЦРПМ ,, Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во тек е проектот ,, Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров ,, каде Општина Ѓорче Петров потпиша Меморандум за соработка со НВО ЦРПМ .** |
| **Главна цел :** | **Градење на здрави животни навики на момчињата** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров и ЦРПМ и Гимназија Кочо Рацин** |
| **Финансии** | **Општината нема финансиски трошоци** |

**6. Проект ,, Потрошувачите за одржливост,,**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Спроведена е работилница во рамките на проектот проектот ,, Потрошувачите за одржливост -институционализација на дијалогот за локални политики и услуги на граѓанското општество кон општините и бизнисот во соработка со женска граѓанска иницијатива Антико .** |
| **Главна цел :** | **Промовирање на жените и бизнисот** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год во хотел Континентал.** |
| **Носител на активноста :** | **Женска граѓанска иницијатива Антико** |
| **Финансии** | **Општината нема финансиски трошоци** |

**7. Трчаме заедно во Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Активно учество на жените и мажите преку градење на спортски навики – пешачење до Кучково .**<br>**Активност на КЕМ каде се развиваат здрави животни навики и се вклучени мажи и жени.** |
| **Главна цел :** | **Развивање на здрави животни навики вклучување на жени и мажи во спортски и рекреативни активности .** |
| **Време на релизација :** | **Во текот на 2022 год** |
| **Носител на активноста :** | **Општина Ѓорче Петров – КЕМ** |
| **Финансии** | **Општината нема финансиски трошоци** |

**2.Податоци за предвидени и релизирани сретства поединечно за Комисијата за еднакви можности**

Од планираните 327.400 ден. предвидени во Програмата на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за потребите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите оваа година се потрошени 13.960,00 ден, за ликовен и литературен конкурс на тема со „Љубов против насилството „

Активности кои беа превземени без финансиска импликација со НВО се следните:

1. Проект на УН Вомен и Општина Ѓорче Петров за родово одговорно буџетирање.
2. Активности околу Стратегија на ЗЕЛС – обуки и работилници.
3. Активности со работна група на КЕМ и Комисија за родова еднаквост и обучувач од УН Вомен.
4. Мапирање на самохрани родители со здружение за родова еднаквост „ Една Може„.
5. Активности по Стратегија за родова еднаквост за 2017-2023год за зајакнување на институционалните механизми за родовите прашања во Општина Ѓорче Петров во соработка со УН Вомен .
6. Обуки во Грденија Велес и во Изгрев Струга за општинска администрација и членови на совет .
7. На 21ви и 22 Јуни во Хотел „Континентал „ - Скопје спроведена е работилница во рамки на проектот „ Потрошувачите за одржливост – инситуционализирање на дијалогот за локални политики и услуги на граѓанското општество кон општините и бизнисот во соработка со женска граѓанска иницијатива Антико .
8. Се одржа работна средба со Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. Целта на оваа средба беше информирање за услугите кои ги нуди оваа мрежа за превенција од семејно насилство. Во соработка со оваа НВО лицата од општина Ѓорче Петров на кои им треба советување за превенција од семејно насилство ќе се упатуваат на консултации и советување.
9. Проект со ЗЕЛС „ Кон родово одговорни општини .
10. Проект со ЦРПМ „ Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров .

**Вкупно планирано** 327.400,00
**Вкупно потршено** 13,960 ден.

**3.Рекапитулар за планирани и потрошени финансиски сретства**

| | **Рекапитулар на потрошени сретства за еднакви можности на жените и мажите** | | Транспорт на луѓе | Други договорни услуги | Други трансверо | Семинари и конференции | Трансвет до НВО | **Вкупно планирано** | **Вкупно потрошени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Активности за помош на лица во ризик во соработка со црвен крст** | | | | | | | 85.400,00 | **0** |
| 2 | **Активности за економско јакнење на жените** | | | | | | | 190.00,00 | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Промоција на родовата еднаквост** | | | | | | | 52.000,00 | **0** |
| 4 | **Надградба на на институционалните капацитети на општина Ѓорче Петров за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите.**<br>**Оваа активнос во целост е финансирана од УН Вомен** | | | | | | | 0 | **0** |
| 5 | **Ликовен и литературен конкурс ,, Со љубов против насилството .** | | | | | | | **13.960** | **13.960** |
| 6 | **Вкупно** | | | | | | | **327.400,00** | **13.960** |

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/9**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/11**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
**СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГАМАТА ЗА
## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година**

МАРТ, 2023 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во врска со програмата заштита на животната средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022год. предвидени беа активности за подобрување на квалитетот на живеење на населението. Врз основа на анализа на реалната состојба на квалитетот на животната средина во општината како и преземање на соодветни мерки согласни со Законот за животна средина, заштита на животот и здравјето на луѓето, предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина и превземање на контролата врз активнистите кои ја загрозуваат животната средина,како и врз основа на потребите беа утврдени проектите и активностите со програмата за заштита на животна средина и природата на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година.

| Ред. бр. | Име на проект | Предвидени средства | Средства по ребаланс | Статус |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) | 0 | 0 | Во тек е избор на консултант за изработка на 5-годишен ЛЕАП за ОЃП во рамки на проектот за прекуграничпна соработка со Косово |
| 2. | Изработка на Зелен катастар на Град Скопје | 300.000 | 150.000 | Нереализиран |
| 5. | Подигање на нови зелени површини и хортикултурно уредување и одржување преку проетот за почиста животна средина „ЗА ПОУБАВО ЃОРЧЕ | 1.000.000 | 1.000.000 | Нереализиран |
| 6. | Набавка на декоративни | 200.000 | 200.000 | Нереализиран |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | садници и езонски цвеќиња | | | |
| 3. | Посетување на обуки и семинари од областа на животна средина за вработените во секторот за заштита на животна средина и природата Проекти за подигање на еколошка свест кај граѓаните | / | / | |
| 1. | Проект-Подигање на еколошката свест во основните училишта и градинките | 0 | 0 | |
| 2. | Проект - Едукација, интеракција и реализација ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ЗДРАВИ НАВИКИ И СТИЛ НА ЖИВЕЕЊЕ" | 0 | 0 | |

Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај**
**за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето**
**на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/10**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/12**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
**СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година**

МАРТ, 2023 год.
Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2022год.

Целта на оваа програма е во соработка и компилација на програмата на владата на РМакедонија да презема мерки насочени кон промена на начините на греење на домаќинствата и сите други сектори: градежништвото, греењето на мали фирми, транспортот, уредувањето на јавните површини, заедно со зајакнувањето на капацитетите на инспекцискиот надзор и зачестени контроли во индустриските капацитети и другите правни субјекти ќе дадат најдобри резултати за решавање на проблемот.

| Ред. Бр. | Име на проект | Предвидени средства | | Статус |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проект - енергетски ефикасни домови ЕЕД | 1.000.000 | 0 | Нереализиран |
| 2. | Поставување на фотоволтаични централи на јавни објекти | 3.000.000 | 0 | Изготвени проекти за поставување на фотоволтаични централи на 6 основни училишта и 2 спортски сали |
| 3. | Подршка на локални акциски групи за настани за чист воздух | 300.000 | 0 | Нереализиран |
| 4. | Теренски увид на градилишта | / | 0 | Нереализиран |
| 5. | Контрола на градежни компании и увид на планот | 50.000 | 0 | Нереализиран |

Извештајот за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализацијана Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/11**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/13**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА

## ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година**

**МАРТ, 2023 год.**
**Скопје**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### I.1 Одржување на системот на јавно осветлување со утврден во предметот на ЈПП

Одржувањето на системот на јавно осветлување се врши од страна на приватен партнер со кој е потпишан договор за ЈПП со точно утврден опфат и предмет на ЈПП. Трошоците за оддржување на системот на јавно осветлување во согласност со договорот за ЈПП се исплаќа на месечно ниво како надоместок за ЈПП кој изнесува 991.535 денари без ДДВ, или вкупно 11.898.420.00 денари за период од 12месеци.

Во овој надоместок за ЈПП влегува исплатата за инвестицијата за модернизација на системот за јавно осветлување и одржување на оперативноста и функционалноста на системот.

Проектот обезбедува и работа на сите поставени светилки во општината што е најважен фактор со кој се обезбедува квалитетно јавно осветлување на теритоиријата на општина Ѓорче Петров, бидејќи граѓаните сега имаат можност преку Call центарот да пријават проблем во јавното осветлување со што за многу краток период од максимум 48 часа ќе се отстрани дефектот се разбира, ако е во рамки на проблем од прва категорија, а кој е од втора категорија во зависност од дефектот во најбрз можен временски период со надзор над општината.

### I.2 Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување

Во 2022 година општина Ѓорче Петров објави оглас за доделување на договор за јавна набавка за Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување и за истиот е склучен договор со Елмонд Електро.

### I.3 Потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување

Потрошувачката на електрична енергија беше проектирана на база на пресметка на вкупна инсталирана снага, односно бројот на ЛЕД светилки кои се со моќност од 30 W, 45 W и 100 W, при што вкупно инсталираната моќност на светилките да биде помала од 160 кW. Сепак и пресметковната метода е релевантна, бидејќи за овој тип на светилки може многу прецизно да се пресмета потрошувачката на електрична енргија при работа во просек од 11 часа дневно. Сепак во таа вкупна потрошувачка на електрична енергија се и светилките кои се во надлежност на Градот Скопје, бидејќи фактурата која се плаќа е поделена во сооднос 80% Општина Ѓорче Петров и 20% Градот Скопје. Од овие причини може да се заклучи дека корист од овој проект има и Градот Скопје бидејќи се намалува вкупната потрошувачка на електрична енергија.

Имајќи ги во предвид претходно кажаните податоци и административни процедури во однос на Градот Скопје се очекува намалување на трошоците за повеќе од 50% во однос на рефернтната потрошувачка на енергија на светилки кои се во надлежност на Општина Ѓорче Петров.

**II. Финансирање на јавно осветлување**

Финансирањето на јавното осветлување за 2022 година се врши од буџетот на Општина Ѓорче Петров од приход остварен од комунална такса за улично осветлување.

На база на наведените и дефинирани делови од програмата, реализирани се следниве трошоци за:

- **Дел 1 - Оддржување на системот на јавно осветлување со утврден во предметот на ЈПП програма ЈА,** односно трошок за надоместок за ЈПП кон приватниот партнер ЈПП кој изнесува 991.535 денари без ДДВ или вкупно реализирани средства заклучно со месец 12/2022- 11.898.420,00 денари
- **Дел 2 - Инвестиционо одржување и развој на системот на јавно осветлување-програма Ј3,** проектиран буџет во износ од 5.000.000 милиони денари, потпишан договор од кои досега не се потрошени средства.
- **Дел 3 - Потрошувачка на електрична енергија – програма Ј3** за јавно осветлување во износ од 21.950.326,00 денари.

Извештајот за реализација на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/12**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за ЛЕР на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/14**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА
## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година**

МАРТ, 2023 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2022 год. (Програма ЈДА)

Во врска со програмата за подршка на ЛЕР во општина Ѓорче Петров за 2022год. предвидени беа активности за планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните приоритети, водење на локалната економска политика и подршка на развојот на МСП и претприемништвото. До овој момент, од планот за спроведување на програмата, со последниот ребаланс на буџетот на општина Ѓорче Петров, планираниот износ од 6.150.000,00МКД во Програма ЈДА се намали на 4.150.000,00денари, од кои реализирани се следните плаќања:

1. Програма Ф3, конто 464 990-други трансфери на на износ од 484.099,00МКД (со вклучен ДДВ) - трансфер на средства за кофинансирање на проект - Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација во с.Кучково од буџет на општина Ѓорче Петров до Центар за развој на Скопски Плански Регион.

2. Програма ФД, конто 482 920-изградба на други објекти, износот од 127.987,00МКД со ДДВ, извршено е плаќање на средства за кофинансирање на проект- Партерно уредување на локалитетот Крст во с.Кучково.

Одделението за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ и ЈПП во текот на 2022год. континуирано работеше на изработка на проектни апликации и согласно надлежностите силно е фокусирано во реализација на веќе започнатите проекти но и со аплицирање до соодветни институции (домашни, меѓународни донаторски институции/институции од централна власт/амбасади/технички канцеларии)

| Ред. Бр. | **Име на проект** | **Институција во која е поднесена паликацијата** | **Статус** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на стратешка документација ЛЕАП (2020-2026) на општина Ѓорче Петров | Проект за прекугранична соработка Косово-РСМакедонија-програма за прекугранична соработка | Во тек е избор на консултант за изработка на 5-годишен ЛЕАП за ОЃП во рамки на проектот за прекугранична соработка со Косово |
| 2. | Изработка на Стратегија за ЛЕР (2022-2027) | Донација | Вопостапка на поднесување Изјава за донација за изработка на Стратегија за ЛЕР на ОЃП од страна на консултант. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Мапирање на рекреативна пешачка и велосипедска патека со поставување вертикална сигнализација-Кучково, Општина Ѓорче Петров | БРР преку МЛС | Реализиран проект Центар за развој на скопски плански регион се јавува како апликант<br>10% општинско кофинансирање во износ од 484.099,00МКД од програмаФ3/конто 464990-други трансфери |
| 4. | Изградба на колектор од фекална канализација во с.Орман и станица за третман на отпадни води кај р.Лепенец | Одобрен проект од програмата за прекугранична соработка во партнерство со општина Ново Брдо-Косово ( IPA Cross-Border Cooperation) | Во фаза на подготовка на тендерска документација за јавен повик до ек.оператори за изградба на колектор со Л=633м' и ПСОВ за 1200ЕЖ. |
| 5. | Проект за развој на туризмот и заштита на животната средина во с.Кучково со соодветни инфраструктурни и меки компоненти (согласно индикаторите за оценка на проектите) | Аплицирано во програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Србија и РСМакедонија за 2022год.<br>Во моментов, проектот се наоѓа во фаза 6-пред конечно одобрување. Потпишување Договор за финансирање на проектот се очекува во Ноември, 2022год. | Одбиен - не реализиран |
| 6. | Реконструкција и адаптација на објект на ОУ во с.Кучково во центар за ресоцијализација на деца кои победиле канцер | Аплицирано на Јавен повик од МЛС и СДЦ на проектот "Грантова шема 2022-2024год.за инвестициски проекти со дигитална компонента" | Потпишан Договор за реализација на проектот помеѓу Скопски Плански Регион и ОЃП. Во завршна фаза е тендерската постапка за реконструкција на објектот на ОУ во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | с.Кучково и негова преадаптација. Следува постапка за набавка на опрема и потпишување Договор со приватна компанија за донација на систем за греење и ладење (термотехника) во објектот. |
| 7. | Проект за развој на туризмот, енергетска ефикасност и пристап до културно-историско наследство | Аплицирано на 5-от повик од програмата за прекугранична соработка помеѓу Косово и РСМакедонија за 2022год. со концептна нота | Одбиен/Не реализиран |
| 8. | Проект за Реконструкција на азбестно – лесонитен кров со комплетно нова фасада и инстлирање на фотоволтаици на ООУ Страшо Пинџур, Општина Ѓорче Петров | Поднесена апликација на Повикот објавен од Амбасада на Р.Бугарија -развојната програма за финасирање проекти | Реазвојната програма при Амбасада на Р.Бугарија е стопирана. |
| 10. | Партерно уредување на локалитет КРСТ во с.Кучково(Фаза 1-Еко Училница) | МСИП-2-Светска Банка-ГРАНТ со општинско кофинансирање во износ од 127.987.00 денари. | Комплетно реализиран/завршен проект |
| 11. | Набавка на комунално возило за зимско одржување на улици и патишта во руралното општинско подрачје(со плуг и соларка) | МСИП2-Проект на Светска Банка-грант средства по успешно имплементиран заем | Комплетно реализиран/Завршен проект. |
| 12. | Изградба на фекална канализација на ул.Радушка - Крак 6 со L=236,6m’ | Аплицирано во МЖСПП-Програма за заштита на водите | Комплетно реализиран/Завршен проект. |
| 13. | Проект за модернизација на системот и енергенсот за греење во ООУ-та со инсталирање на ЛЕД осветлување и фотоволтаични системи на општинските | Јавен повик на Министерството за Финансии за користење на средства од проектот за | Поднесена апликација/Во процедура на евалуација и оценување/Резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | објекти во надлежност општина Ѓорче Петров | енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) | од евалуација се очекуваат во Август/2023. |

Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/13**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република С.Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република С.Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/15**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година

МАРТ, 2023 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА ЗА 2022година

Во однос на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република С. Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2022 година и измената на програмата во 2022 година не е реализирана продажба на градежно земјиште по пат на Јавно наддавање.

Во однос на постапки поврзани со документирање на градежно земјиште и водење постапки по пат на непосредна спогодба за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, состојбата е следна:

| **Постапки за отуѓување на државно градежно земјиште** | | |
|---|---|---|
| статус | Вкупен број | |
| | електронски | писмени |
| Во постапка | 13 | 59 |
| Во прекин | 3 | / |
| Во Државно правобранителство за мислење | 4 | / |
| Решени во 2022 (до 31.12.2022) | 51 | 16 |
| - позитивни | 26 | / |
| - негативно | 17 | / |
| - Повлечени барања | 8 | / |
| По Жалба/тужба | 2 | 5 |

Извештајот за реализација на Програмата во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република С. Македонија на подрајчето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/14**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/16**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ
**СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

**за периодот од 01.01.2022година, до 31.12.2022година**

**МАРТ, 2023 год.**
**Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

Програмските активности на ова одделение се вклучени во Програмите Ф2-уредување на градежно земјиште и Програма Р1-заштита на животна средина на општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Во однос на програмските активности на одделението во областа на земјоделието, во изминатиот период реализирани се следните програмски активности:

1. Одржување и редовно чистење на каналите за наводнување и одводнување како и санација на оштетените текови на каналите во руралните населени места во општина Ѓорче Петров врз основа на потпишан Договор со АД Водостопанство, подружница Скопско Поле на износ од 2.000.000,00МКД (со вклучен ДДВ)/Програма Ф2, конто 421 190-други комунални такси и услуги. Доспеана е ф-ра за реализација на пролетно чистење на каналите на износ од 1.044.298,00МКД со вклучен ДДВ. Вкупен отворен долг заклучно со месец Декември према АД Водостопанство, подружница Скопско Поле изнесува 877.928,00 МКД.

2. Организирање на настани на кои свое претставување ќе имаат земјоделските стопанства од територијата на општина Ѓорче Петров на износ од 150.000,00МКД. Овие средства се предвидени во Програма Р1-заштита на животна средина / конто 425 990-други договорни услуги од кои 99.900,00МКД со вклучен ДДВ се уплатени на буџетска сметка 741112од Министерство за земјоделие, водостопанство и шумарство и општинско ко-финансирање на износ од 50.100,00МКД со вклучен ДДВ. Овие средства во износ од сеуште не се реализирани 50.100,00МКД со вклучен ДДВ.

Настанот за кој беа добиени субвенции од МЗШВ беше реализиран во месец Ноември и средствата од МЗШВ беа исплатени.

Покрај програмските активности на одделението според програмата за работа за 2022год., соработникот за рурален развој е одговорен и за издавање Уверенија за обработливост на земјиште, донесени врз основа на фактичката состојба на парцелата во моментот на извршениот увид на лице место.

| Вид на предмет | Вкупно поднесени барања | Позитивно решени | Негативно решени/ одбиени | Неутрално решени | Одбива странката да го подигне/вотек |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за обработливост на земјиште | 42 | 35 | 7 | / | / |

Извештајот за реализација на Програмата за активности од областа на земјоделието за 2022 година на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/15**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/17**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност :** Совет на општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на општина Ѓорче Петров

**Изготвувач** : Одделение за општи и стручно-административни работи

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Скопје, 2023 година**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи**
**на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

За реализирање на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи за 2022 година, општината Ѓорче Петров ги превзема низа активности за нејзино остварување.

Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за спречување на настанувањето на природните непогоди и други несреќи на територијата на општината.

За остварување на програмските активности, општината ги стави во функција потребните човечки ресурси, материјално-техничките средства и секако расположливите финансиски средства. Со ваквиот приод сметаме дека во основа програмските задачи по оваа Програма се реализирани, со исклучок на некои предвидени активности кои бараа поголема финансиска подршка, а таква подршка општината немаше во овој извештаен период.

А. Реализирани програмски активности

1.Извршено е ажурирање на процената на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ѓорче Петров.

Со изготвените документи се поставени потребните основи во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи на ниво на општина, кои во иднина треба да се надградуваат.

2.Извршени се потребните сервисирања и одржување на противпожарните апарати кои се набавени за потребите на општинските објекти согласно законските нормативи и истите се распоредени во урбаните и месните заедници, општинскиот објект, центарот на културата, реонскиот парк, повеќенаменските спортски игралишта, стадионите, спортската сала „Христо Батанџиев“, секторот за урбанизам просториите на одд. за легализација и просториите на службата за инспекција.

Исправноста и одржувањето се врши од страна на овластена фирма за оваа намена избрана во постапка за јавна набавка ангажирана од општината.

-За 2022 година, потрошени се 15.243,оо денари, сервисирани се сите противпожарни апарати.

3. За чистење и одржување на оџаците на општинските објекти, објектите на основните и подрачните основни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица“, потрошени се 294.520,00 денари

Б. Не реализирани програмски активности

1. Опремување на просторија за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е целосно реализирано.

2. Опремувањето со облека, обувки и средства за работа, за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е целосно реализирано.

3. Организирање на обука за вработените во општинската администрација од областа на заштитата и спасувањето, а посебно противпожарната заштита.

4. Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето

- Противпожарна заштита и
- Заштита од земјотреси

Изготвување на план за евакуација на вработените

**Рекапитулар на П Р О Г Р А М А**
**за заштита, спасување и управување со кризи за 2022 година**

| | Краток опис на програмската активноста: | Предвидени средства за реализација на програмската активнос | Реализирани средства за програмската активнос |
|---|---|---|---|
| 1. | Опремување на просторија за штабот за заштита и спасување<br>-маса со 10 столици<br>-метална каса<br>-компјутер | 120.000,00 денари | / |
| 2. | Опрема облека и обувки за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување | 200.000,00 денари | / |
| 3. | Организирање на еднодневна обука со припадниците определени во универзалната единица за заштита и спасување | 30.000,00 денари | / |
| 4. | Организирање на предавања за вработените и учениците од Основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето<br>• Противпожарна заштита и<br>• Заштита од земјотреси<br>• Изготвување на план за евакуација на вработените | 40.000,00 денари | / |
| 5. | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници. | 120.000,00 денари | 15.243,00 денари |
| 6. | Изготвување на планови за евакуација од објекти во случај на елементарна непогода и пожар | 30.000,00 денари | / |
| 7. | Чистење на оџаците на општинските објекти, објектите на општинските основни и подрачните училишта и објектите на детската градинка, тоа два пати годишно | 295.000,00 денари | 294.000,00 денари |
| Предвидени средства | | 835.000,00 денари | |
| Реализирани средства | | 309.243,00 денари | |
| Не реализирани средства | | 525.757,00 денари | |

Од напред наведеното се гледа дека програмските цели во основа се реализирани, а делот кој не е реализиран е резултат на објективни и финансиски причини.

Извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на општина Ѓорче Петров за 2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува одлуката за усвојување Годишен Извештај за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/16**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за јавни работи и јавна чистота на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за јавни работи и јавна чистота на Општина Ѓорче Петров за 2022 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/18**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Предлагач:  Градоначалник на Општина Ѓорче Петров**

**Изготвувач:  Комунален пункт на Општина Ѓорче Петров**

**Надлежност: Совет на Општина Ѓорче Петров**

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на годишната  програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Скопје, Март 2023 година**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на годишната програма за јавни работи и јавна чистота на територија на Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Програмските цели во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за подобрување на чистотата, уредување и одржување на зеленилото, чистење на локалните улици, јавни пешачки површини и тротоари во зимскиот период на годината.

За реализирање на годишната програмата за јавни работи и јавна чистота на територија на општина Ѓорче Петров за 2022 година, комуналните служби на Општина Ѓорче Петров превзема низа активности и тоа:

- Со јавен оглас во просек се ангажирани околу 80 луѓе месечно. Ангажираните работници извршуваа работни задачи за косење и чистење на зелените јавни површини кои се под надлежност на општината, чистење на јавни површини, оддржување на просторот околу контејнерите, метење и празнење на кантите на територијата на општината, собирање листови и останати активности. Дел од луѓето се ангажирани за одржување на спортските објекти, за одржување на чистотата во општинската зграда, канцелариите на урбанизам, месни заедници и помош во сите основни училишта на територија на Ѓорче Петров (поради недостаток на технички персонал);

- По основ за средства за хигиена, за периодот имаме потрошено 61.000,00 денари, овие средства се користат за чистење на јавниот тоалет во паркот, салата Христо Батанџиев, салата во школото Јоаким Крчовски, одржување на хигиена во комуналниот пункт.

- Во тековниот период извршено е косење на зелените јавни површини, основните школи и градинки во повеќе наврати, работено е констатно со 6 тримери и повремено се користени тракторите за косење за стадионот во Волково, се вкупно за овој период е искосена површина од приближно 70.000 м2;

- Во тој период имавме и интервенции за отстранување на паднати дрва, одрони по локалните патни правци на кај село Кучково и село Никиштани и редовно се чистеа патните правци на кај овие села;

- Потрошени финансиски средства по основ на договори на дело вклучувајќи го и данокот на доход по договорите на дело изнесуваат 16.984.656,00 денари.

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажираат невработени лица (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојба и хигиена, преку Агенција за вработување.

3. **Под Програма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

**424.390 Одржување на други градби**

**424590 Одржување на други зелени површини**

1. **Под Програма R1 - Заштита на животна средина и природа**

**426990 - Други оперативни расходи**

2. **Под програма N1 - Основно Образование**

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

**424210 Одржување на згради**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.
2. Извршена е замена на кровна конструкција во ООУ Ѓорче Петров финансирано од МОН.
3. Изградба на крило за ПООУ Димитар Поп Горгиев – Беровски во н. Хром. Финансирано од МОН со договор бр. 10-5713/13 од 26. 11. 2020год. Со вредност од 25.429.026,00 ден. Со ДДВ. Изведувач на работите е фирмата УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ Тетово. Изведено 90%
4. Изградба на крило за ООУ Тихомир Милошевски с. Волково – с.Ново Село . Финансирано од МОН со договор бр. 10-7233/10 од 27. 11. 2020год. Со вредност од 27.521.933,00 ден. Со ДДВ. Изведувач на работите е фирмата КВАЛИТЕТ БЕТОНИДА Тетово. Изведено 90%
5. Санација на тоалети, реконструкција на хол едно крило, поставување на енергетска фасада во ООУ Димитар Поп Горгиев – Беровски, финансирано од МОН.
6. Санација на кров на Спортска сала во ООУ Страшо Пинџур, вадење на стар азбестен кров и поставување на нов кров од лимени табли, финансирано од USAID, учество и на Општина Ѓорче Петров во припремните и помошни активностити.

6 **Под програма L0/LA – Спорт и рекреација**

**482.920 Одржување на други градби**

1. **Одржување на постоечки спортски терени**

**На сите спортски терени во општината Ѓорче Петров сукцесивно е вршено одржувањето на теренот, реквизитите, а најчесто поправка или замена на дел од жичаните огради.**

2. **Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта на територијата на Општината извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.).**

Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2021год.

**2. Под програма DA месна самоуправа(Капитални Проекти)**

**481230-Реконструкција на деловни објекти**

3. **Под програма ЕА- Капитални трошоци на општината**

**Тековно одржување на општински објекти, урбани и месни заедници, основни училишта, детски градинки. Договор бр. 03-24/10 од 29. 07. 2022година во вредност од 2.345.465,00 денари со ДДВ. Изведувач на работите е фирмата ДПУТ РАДИКОН Никола дооел Скопје. Реализирано (јануари -октомври) 400.000,00 со ДДВ**
**Вкупно реализирано ( јануари – декември) 600.000,00 со ДДВ**

**4.Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација – с. Кучково, Општина Ѓорче Петров**

**Носител на овој проект е : Центар за развој на Скопски плански регион, потребните финансиски средства се обезбедени од: Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Краен корисник е општина Ѓорче Петров. Овој договор е заведен под бр. 03-146/1 од 25. 01. 2022г.**
**Вкупната должина на велосипедската патека е 4.474,25м со ширина од 2,00м.**
**Цената на изведбата е 1.000.800,00 денари.**
**Поставување на патокази и урбана опрема вон велосипедска и вон пешачка патека, Цена на чинење е 744.183,00 денари.**

**Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“, Програмата за комунални дејности, Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2022 година, за период од 01.01.2022 - 31.12.2022 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**Градоначалник**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Годишен финансов извештај на**
**Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува Годишниот финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров го усвои на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/18**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија. бр.5/02), член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 13.03.2023 година, донесе

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

## Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општина Ѓорче Петров

Број на жители по попис од 2021 година : 44.844
Површина: 67 км2
Населени места(7): Ново Село; Волково; Кисела Јабука; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

### 1.1.1 Опис на економските параметри на општината:

Според пописот на население од 2021 година,Општина Ѓорче Петров брои:
15.524 домаќинства,
18.201 станови
1.769 деловни субјекти

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:
Градежна индустрија;
Прехрамбено преработувачка индустрија;
Текстилна индустрија;
Хемиска индустрија;
Пекарско-занаетчиски дејности;
Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
Филијали на неколку банки ( Комерцијална - две филијали, Стопанска, Охридска, НЛБ Тутунска, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Халк банка и Уни банка);
Здравствени установи;

Во Општината има и институционални објекти:

Поликлиника со амбуланти во Дексион и Волково;
Геронтолошки завод;
Полициска станица;
Пожарникарска единица;
Касарна на единиците за брза интервенција;
Една градинка со пет клона;
Шест основни училишта со осум објекти, т.е. две подрачни;
Едно средно училиште – Гимназија;

Три спортски сали;
Стадион за спортски натпревари со помошно фудбалско игралиште;
Цркви, манастири и др.

**1.2. Буџет, Одлука за извршување на буџетот**

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2022, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата 6-та Седница одржана на 30.12.2021 година. Извршени се 2 (два) Ребаланси на Буџетот и тоа на 12-та седница на Советот на 18.04.2022 г и 19-та седница на Советот на 30.09.2022г .

**Годишна сметка**

**2.1. Основни приходи на Општината**

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2021 | | Основен буџет 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 572.395.341 | 303.396.352 | 541.050.748 | 204.284.431 |
| 71 | | Даночни приходи | 462.465.765 | 226.290.207 | 393.175.403 | 162.611.332 |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 15.080.000 | 11.737.404 | 14.530.000 | 15.375.018 |
| | 713 | Данок на имот | 52.600.000 | 61.776.417 | 64.300.000 | 64.423.937 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 394.585.765 | 152.762.918 | 314.245.403 | 82.812.377 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 200.000 | 13..468 | 100.000 | 0 |
| 72 | | Неданочни приходи | 13.351.200 | 2.339.404 | 92.851.500 | 3.425.300 |
| | 722 | Такси и надоместоци | 2.250.000 | 1.122.881 | 2.750.000 | 1.313.048 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 1.500.000 | 89.904 | 1.000.000 | 215.551 |
| | 724 | Други владини услуги | 100.000 | 48.000 | 100.000 | 36.000 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 9.501.200 | 1.078.619 | 89.001.500 | 1.860.701 |
| 73 | | Капитални приходи | 32.510.300 | 16.960.419 | 27.650.300 | 6.136.025 |
| | 731 | Продажба на капитални средства | | | 0 | 0 |
| | 733 | Продажба на земј.и нематер.вложувања | 32.510.300 | 16.960.419 | 27.650.300 | 6.136.025 |
| 74 | | Трансфери и донации | 64.068.076 | 57.806.322 | 27.373.545 | 32.111.774 |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 64.068.076 | 57.806.322 | 27.373.545 | 32.111.774 |

Од табелата се забележува дека остварувањето на вкупни основни приходи споредено со 2021 година бележи намалување од 32.6%. Во внатрешната структура на

приходи состојбата е различна, зголемување бележи групата 72 – Неданочни приходи додека групите 71 - Даночни приходи и 73 – Капитални приходи и 74 - Трансфери и др. донации бележат намалување.

Во рамките на група 71, која во однос на 2021 година бележи намалување за 28.1% влегува персоналниот данок, данок на имот на општината, данок од специфични услуги и такси за користење и дозволи за вршење на дејност.

Неданочните приходи, група 72, во однос на 2021 година бележи зголемување за 46.4%.

Капиталните приходи, група 73 во однос на минатата година бележат намалување за 63.82%. Тие се содржат од приходи од продажбата на државно земјиште, надоместоци за концесии на минерални суровини и од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Во трансфери и донации или групата 74 се бележи намалување во однос на 2021 година за 44.44%. Овде се содржани трансферите за ДДВ, трансфер од Ј.П. за државни патишта и капитални трансфери од други нивоа на власта.

Планирањето и реализацијата на планот се гледаат од графичкиот приказ што следи:




Во графиконот што следи, се гледаат разликите во реализацијата на приходите по групи споредени со реализираните во 2021 година и она што беше погоре текстуално објаснето со проценти, графиконот го покажува со еден поглед, кои приходи се пораснати, а кои се намалени.




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2022 година по сметки:

| | | |
|---|---|---|
| Основен буџет | 204.284.431 | 40% |
| Дотации | 237.278.262 | 46.5% |
| Самофинансирачки активности | 14.576.864 | 2.9% |
| Донации | 19.147.416 | 3.8% |
| Кредити | 35.034.971 | 6.9% |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **510.321.944** | **100 %** |

Оваа година најголемо учество во структурата на консолидираниот буџет и тоа со 46,5% имааат Дотациите. Потоа следи основниот буџет со 40%; Приходите од кредитите се со учество од 6,9% Донациите учествуваат со 3,8%. Самофинансирачките активности во структурата на Буџетот учествуваат со најмал процент 2,9%.



**2.2. Расходи на Општината**

Расходната страна на буџетот на Општина Ѓорче Петров се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите пак, се утврдени согласно надлежностите. Во наредната табела ќе се задржиме на односот меѓу планираното и реализираното во основниот буџет на расходи, споредбено со претходната 2021 година:

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2021 | | Основен буџет 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 572.395.341 | 303.396.352 | 541.050.748 | 204.284.431 |
| 40 | | Плати, наемнини и надоместоци | 49.319.000 | 42.157.363 | 50.328.000 | 43.481.024 |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 31.388.000 | 26.292.470 | 29.380.000 | 26.619.518 |
| | 402 | Придонеси од плати | 11.715.000 | 9.825.293 | 13.128.000 | 9.931.503 |
| | 404 | Надоместоци | 6.216.000 | 6.039.600 | 7.820.000 | 6.930.003 |
| 41 | | Резерви и недефинирани расходи | 1.600.000 | 1.032.511 | 1.600.000 | 703.890 |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 800.000 | 402.511 | 800.000 | 0 |
| | 413 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 800.000 | 630.000 | 800.000 | 703.890 |
| 42 | | Стоки и услуги | 188.528.750 | 103.596.220 | 229.847.599 | 94.319.852 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 255.000 | 0 | 960.000 | 27.138 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 36.697.000 | 21.019.089 | 90.493.000 | 46.934.200 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 3.823.500 | 1.477.921 | 4.502.279 | 1.191.077 |
| | 424 | Поправки и тековни одржувања | 73.139.500 | 36.538.023 | 64.055.021 | 14.192.155 |
| | 425 | Договорни услуги | 56.425.750 | 35.297.279 | 52.777.910 | 21.451.720 |
| | 426 | Други тековни расходи | 10.188.000 | 3.344.990 | 8.059.389 | 1.786.632 |
| | 427 | Привремени вработувања | 8.000.000 | 5.918.918 | 9.000.000 | 8.736.930 |
| 45 | | Каматни плаќања | 300.000 | 209.148 | 300.000 | 126.876 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 300.000 | 209.148 | 300.000 | 126.876 |
| 46 | | Субвенции и трансфери | 15.128.000 | 9.390.913 | 11.244.299 | 3.964.827 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 5.487.000 | 1.488.000 | 2.149.400 | 634.021 |
| | 464 | Разни трансфери | 9.641.000 | 7.902.913 | 9.094.899 | 3.330.806 |
| 47 | | Социјални бенефиции | 3.330.000 | 2.611.095 | 3.350.000 | 2.093.900 |
| | 471 | Социјални надоместоци | 3.330.000 | 2.611.095 | 3.350.000 | 2.093.900 |
| 48 | | Капитални расходи | 295.895.491 | 126.105.048 | 231.380.850 | 48.963.109 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 7.669.000 | 1.200.593 | 8.830.000 | 54.225 |
| | 481 | Градежни објекти | 11.703.110 | 8.193.703 | 10.803.118 | 3.330.894 |
| | 482 | Други градежни објекти | 271.023.381 | 116.710.752 | 207.648.264 | 44.633.441 |
| | 483 | Купување мебел, | 0 | 0 | 100.000 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 485 | Други нефинансиски средства | 5.500.000 | 0 | 3.900.000 | 845.081 |
| | 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 99.468 | 99.468 |
| 49 | | Отплата на главница | 18.294.100 | 18.294.054 | 13.000.000 | 10.630.953 |
| | 493 | Отплата на главница од други нивоа на власт | 18.294.100 | 18.294.054 | 13.000.000 | 10.630.953 |

Графиконот подолу, го прикажува наменското планирање и остварување на расходите. Поголеми отстапувања има во делот на стоки и услуги, како и во капиталните расходи, каде планот е поголем од реализацијата.

Сината или повисоката линија го прикажува планираното.
Црвената или пониската линија го прикажува реализираното-извршено.




Наредниот графикон ги прикажува реализираните расходи (извршено) споредени со претходната 2021 година.




Од овој графикон се гледа дека точките на црвената - извршено во 2022 г. и сината линија - извршено во 2021 година, во расходите за резерви, каматни плаќања,плати, социјални трансфери и стоки и услуги се преклопуваат, односно приближно исто е трошено и во 2022 и во 2021 година. Намалување во трошењата или исплатите има во капитални расходи.

Во следната табела како и во приходите прикажано е структурното учество на реализираните расходи по сметки:

| | | |
|---|---|---|
| Основен буџет | 204.284.431 | 40.1% |
| Дотации | 237.278.262 | 46.6% |
| Самофинансирачки активности | 14.187.246 | 2.8% |
| Донации | 19.147.416 | 3.8% |
| Кредити | 35.034.971 | 6.9% |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **509.932.326** | **100%** |

Од табелата подолу се изведени и прикажани процентуалните учества на расходите по намени и истите ги следат и процентите на приходите.

Најголемо учество во расходите имаат дотациите и тоа 46.6%, потоа следи основниот буџет со 40,1%, кредит со 6.9%, донации со 3.8% и најмало е учеството на самофинансирачки активности со 2,8%.




**3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства**

Општината при изготвување на Завршната сметка на сите сметки со кои располага (буџет, орган, самопридонес, дотации, донации и кредит) изготвува и биланс на состојба каде се прикажуваат сите средства и извори на средства со кои располага општината.

**3.1. Градежни објекти**. врз основа на добиени имотни листови од страна на Секторот за урбанизам со ревалоризирана вредност вкупната вредност на сите градежни објекти изнесува 83.723.887,00 денари.

**3.2 Во делот на опрема ( мебел, возила и машини) општина Ѓорче Петров располага со основни средства во вредност од:**

ревалоризирана набавна вредност - 73.634.681,00 ден.

Споменикот на револуционерот Ѓорче Петров и Споменикот на бранителите во с.Волково се водат како други градби. Нивната ревалоризирана вредност е 37.757.696,00 ден.

Покрај материјални, во книговодствената евиденција, се водат и нематеријални вложувања ( софтверски решенија и надоместок за одземен имот). За софтверски решенија вредноста изнесува 179.715,00 денари. За надоместок за одземен имот во 2022 година општината има исплатено средства во висина од 845.081,00 денари. Во нематеријални капитални расходи се појавува акционерски капитал со откуп на акции од Ф.К.Македонија Ѓорче Петров во вредност од 385.876,00 денари.

**3.3 Ситен инвентар (канцелариски инвентар, алати, мобилни тел., знамиња и сл.) 1.358.930,00 ден.**

или новонабавени во 2022 г. во износ од 30.268,00 ден. Овој инвентар со ставање во употреба книговодствено се отпишува.

**3.4 Материјали ( канцелариски материјали, средства за хигиена и храна и пијалоци)** во текот на 2021 година набавени се во вредност од 941.393,00 денари од кои на залиха се наоѓаат средства во вредност од 64.849,00 денари.

**3.5 Побарувања од купувачи 86.733.727,00 ден.**

- закупнини, 1.512.177,00
- надоместок за уредување на градежно земјиште кој се плаќа на рати, 0,00
- комунална такса од рулално подрачје 0,00
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кој се плаќа на рати 18.683,00
- обврска за данок на имот 84.819.104,00
- глоба 383.763,00

Податоците за обврски од данок на имот и комунална такса ги добиваме од Извештајот кој градската даночна администрација го доставува до општината. Вкупно задолжување со салда од претходни години кои не се наплатени по основ на данок на имот и комуналната такса за фирмарина изнесува:

- за физички лица 30.335.234,00

(во 2021 година овој износ беше 27.875.754,00)
(во 2020 година 23.370.626,00)
( во 2019 година 20.000.531,00)
( во 2018 година 19.226.977,00)
( во 2017 година 18.488.610,00)
( во 2016 година 17.221.973,00)

- за правни лица 4.557.774,00

( во 2021 година овој износ беше 4.406.754,00)
(во 2020 година 5.274.057,00)
( во 2019 година 3.369.975,00)
( во 2018 година 3.238.500,00)
( во 2017 година 3.348.978,00)
( во 2016 година 2. 958.632,00)

- за дополнителна стапка 6.595.087,00

( во 2021 година овој износ беше 6.757.826,00)
(во 2020 година 6.901.087,00)
( во 2019 година 7.031.488,00)
( во 2018 година 7.361.324,00)
( во 2017 година 7.842.752,00)
( во 2016 година 8.295.299 ,00)

Вкупни побарувања од данок на имот: 41.488.095,00

Комунална такса за истакнување на фирма (фирмарина) 43.331.009,00

( во 2021 година овој износ беше 42.958.429,00)
(во 2020 41.269.470,00)
(во 2019 40.678.263,00)
( во 2018 38.625.773,00)
( во 2017 37.406.201,00)
( во 2016 34.219.841,00)

( во 2015 32.017.859,00)

**Вкупно 84.819.104,00**

Од погорните податоци се забележува дека побарувањата по основ на данокот на имот од физички лица, како и комуналната такса за фирмарини, бележи зголемување во однос на претходната година. Причините треба да ни ги образложи даночната администрација на Град Скопје, иако во извештајот што го добивме се вели дека поведени се постапки за присилна наплата на ненаплатени побарувања. Побарувањето по основ на дополнителната стапка на данок на имот, сеуште е висока. Споредена со претходната година наплатени се само 162.739,00 денари што е навистина малку. Советот на Општината оваа стапка ја има укинато од 2014 години.

**3.6 Краткорочни обврски према добавувачи: 105.987.692,00 ден**

(во 2021 година изнесува 116.875.023,00 ден)
(во 2020 година изнесува 78.883.117,00 ден)
(во 2019 година изнесува 28.282.743,00 ден)
(во 2018 година изнесуваа 19.282.743,00 ден.)
(во 2017 година изнесуваа 24.173.273,00 ден.)
(во 2016 година изнесуваа 19.041.858,00 ден.)

**3.7 Обврски према вработени и давачки према државни институции 11.365.115,00 ден**.

- Плати на вработени за м. 12/2022 3.149.878,00
- Надомест за Членови на Совет за м.12/2022 401.482,00
- Договори за дело и социјална помош за 12/2022 1.444.321,00
- Персонален данок 242.527,00
- Обврски за ДДВ 6.126.907,00

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации**

Капиталните инвестиции кои се водат во вонбилансна евиденција, во текот на 2022 година се зголемени за 76.453.942,00ден. ( во 2021 се зголемиле за 165.464.833,00 ден.). Кумулираната вредност на капиталните вложувања со вложувањата и од претходните години изнесува 1.094.860.680,00 денари ( во 2021 г. Била 1.018.406.738,00 денари). Овде влегува градба и набавка на опрема како што се водоводни и канализациони мрежи, изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици, локални патишта, паркови, игралишта, урбана опрема, реконструкција на деловни објекти и слично.

Што се однесува до блок дотациите, оваа година се реализираа во целост делот за основните училишта додека во делот за детски градинки остана неискористен износ од 885.155,00 денари и согласно законската регулатива истиот е вратен во државниот буџет.

**5. Преглед на трошењето на тековна буџетската резерва од програма Д0 - Градоначалник за 2022**

| Р. Бр. | Решение Број/дата | Опис на намена | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1. | 21-73/1-12.01.2022 | Финансиска поддршка за починат член во семејството | 15.000,00 |
| 2. | 21-29/1-04.01.2022 | Еднократна финансиска поддршка на 19 лица од здружението на граѓани глуви и наглуви на град Скопје (поединечно на секое лице по 3000,00 денари) | 57.000,00 |
| 3. | 21-160/1-25.12.2021 | Еднократен финансиски надоместок и благодарница за истакнат комунален работник во 2021 година | 6000,00 |
| 4. | 21-70/2-01.02.2022 | Еднократна финансиска поддршка за лице со висок социјален ризик | 10.000,00 |
| 5. | 21-449/2-25.02.2022 | Финансиска поддршка за починат член од потесно семејство | 15.000,00 |
| 6. | 21-515/2-08.03.2022 | Финансиска поддршка за починат член од потесно | 15.000,00 |
| 7. | 21-545/2-08.03.2022 | Финансиска поддршка за починат сопруг вработен во ОЃП | 15.000,00 |
| 8. | 21-597/2-24.03.2022 | Еднократна финансиска поддршка за печатење на компилација со песни | 10.000,00 |
| 9. | 21-420/2-28.02.2022 | Еднократна финансиска поддршка за печатење на монографија за македонската музичка историја | 20.000,00 |
| 10. | 21-733/2-31.03.2022 | Еднократна финансиска поддршка за постоперативен третман | 15.000,00 |
| 11. | 21-885/2-26.04.2022 | | 8.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | 21-1114/2-01.06.2022 | Еднократна финасиска поддршка за делумно покривање на трошоци за лекови и лекување | 10.000,00 |
| 13. | 21-920/2-06.06.2022 | Еднократна финансиска помош за делумно покривање на погребални трошоци за двајца починати членови од потесно семејство | 40.000,00 |
| 14. | 21-1302/2-23.06.2022 | Еднократна финасиска помош за делумно покривање на трошоци за учество на меѓународен турнир во фудбал во Р.Бугарија | 3.000,00 |
| 15. | 21-1314/2-23.06.2022 | Еднократна финасиска поддршка за трошоци за медицинска терапија | 5.000,00 |
| 16. | 21-1246/4-12.07.2022 | Еднократна финасиска поддршка за трошоци на семејство со висок социјален ризик | 40.000,00 |
| 17. | 21-1419/2-19.07.2022 | Финасиска поддршка за организирање и одржување на хуманитарно мото дефиле со музичка програма и крводарителска акција во реонски парк ЃП | 15.000,00 |
| 18. | 21-1530/2-30.08.2022 | Финасиска поддршка за градежни работи,внатрешно уредување-фрескопис и хортикултурно уредување на црквата Св.Архангел Гаврил с.Ново Село Скопје | 15.000,00 |
| 19. | 21-1646/2-05.09.2022 | Финасиска поддршка за починат член од семејството | 5.000,00 |
| 20. | 16.09.2022 | Финасиска поддршка за трошоци за медицинска терапија | 3.890,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. | 21-1529/2-30.08.2022 | Исплата на данок за еднократна парична помош | 15.000,00 |
| 22. | 21-1709/2-05.10.2022 | Финасиска поддршка за починат член на потесно семејство | 10.000,00 |
| 23. | 21-1949/2-13.10.2022 | Еднократна финасиска поддршка за организирање на традиционален фестивал Фолк Фест Роса | 10.000,00 |
| 24. | 21-1916/2-13.10.2022 | Еднократна финасиска поддршка за трошоци за медицинска терапија | 10.000,00 |
| 25. | 20-2119/2-30.11.2022 | Еднократна финансиска поддршка за трошоци за медицинска терапија | 50.000,00 |
| 26. | 21-2183/2-25.11.2022 | Еднократна финасиска поддршка за организација на традиционален јубилеен меѓународен карате турнир – Ѓорче Петров Опен | 45.000,00 |
| 27. | 21-2273/2-14.12.2022 | Еднократна финасиска поддршка за учество на меѓународен инклузивен театарски фестивал во Софија Р.Бугарија | 10.000,00 |
| 28. | 21-2385/2-22.12.2022 | Еднократна финасиска поддршка за учество со солистички настап на Гоце Фест со македонска патриотска песна | 30.000,00 |
| 29. | 21-2364/1-22.12.2022 | Финасиска поддршка за развој на спортот во општината – РК Македонија ЃП | 51.000,00 |
| 30. | 21-2384/2-22.12.2022 | | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31. | 21-2376/2-22.12.2022 | Финасиска поддршка за 17 лица со оштетен слух,за секое лице поединечно по 3.000,00 ден. | 30.000,00 |
| 32. | 21-2380/2-22.12.2022 | Исплата на индивидуална награда за истакнати спортисти – Карате Клуб ЃП | 50.000,00 |
| 33. | 21-121/2-22.12.2022 | Финасиска поддршка за развој на спортот во општината – Фитнес центар Инфинити | 40.000,00 |
| 34. | 21-1228/2-22.12.2022 | Финасиска поддршка за развој на спортот во општината – ЖРК ЃП | 10.000,00 |
| | | Финасиска поддршка за покривање на трошоци за набавка на опрема и тековно одржување – Боксерски Клуб Десет Шеесет | |
| | | Финасиска поддршка за делумно покривање трошоци за лекување на дете со срцево заболување | |

**Број 08-574/20**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на**
**Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

Се објавува Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја усвои на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/19**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 16 став 1 точка 2 од Пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 13.03.2023 година донесе:

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2022 ГОДИНА

**1.Општ дел**

**Член 1**

Завршната сметка на Општина Ѓорче Петров за 2022 година се состои од:

| | **Планирано** | **Остварено** |
|---|---|---|
| **I.Вкупно приходи** | **849.748.695** | **468.408.042** |
| Даночни приходи | 393.175.403 | 162.611.332 |
| Неданочни приходи | 124.182.500 | 18.002.164 |
| Капитални приходи | 27.650.300 | 6.136.025 |
| Приходи од дотации | 241.902.000 | 234.135.845 |
| Приходи од трансфери | 26.543.612 | 29.277.919 |
| Приходи од донации | 36.294.880 | 18.244.757 |
| **II.Вкупно расходи** | **890.100.119** | **499.301.373** |
| Од утврдени намени | 888.500.119 | 498.597.483 |
| Расходи од резерви | 1.600.000 | 703.890 |
| **III. Дефицит/Суфицит** | **-40.351.424** | **-30.893.331** |
| **IV.Финансирање** | **40.351.424** | **30.893.331** |
| **Прилив** | **53.351.424** | **41.524.284** |
| Домашно задолжување | 39.113.745 | 28.671.505 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Депозити | 14.237.679 | 12.852.779 |
| **Одлив** | **13.000.000** | **10.630.953** |
| Отплата на главница | 13.000.000 | 10.630.953 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови, и расходи и одливи по основни намени, се искажува во: Билансите на приходи и Билансите на расходи на Завршната сметка на Буџетот на општината.

**Член 3**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Ѓорче Петров на 31.12.2022 година претставува збир од остварените приходи во тековната 2022 година и пренесениот вишок од претходните години.

- **Салдо на 31-12-2022 39.778.903,00 ден.**

| | |
|---|---|
| Салдо на основен буџет   (630) | 9.511.342,00 ден. |
| Салдо буџет дотации     (930) | 18.313.348,00 ден. |
| Салдо буџет самофинасирачки активности (787) | 1.911.277 ,00 ден. |
| Салдо на сметка кредити  (786) | 0,00 ден. |
| Салдо од сметка донации (785) | 10.042.936,00 ден. |

Салдата на секоја сметка поединечно  се пренесуваат во наредната 2023 година и се депозитни средства.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина  Ѓорче Петров“.

**Број 08-574/21**
**од 13.03.2023  година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отпис за основни средства сопственост**
**на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за отпис за основни средства сопственост на Општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/20**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Извештајот за извршен попис на основни средства за 2022 година заведен под архивски број 09-33/6 од 09.02.2023 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на 13.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за отпис за основни средства сопственост на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката се врши отпис на основните средства сопственост на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Отписот на основните средства се врши на предлог на комисијата за вршење на попис за 2022 година, поради нивна дотраеност и нефункционалност.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните основни средства се утврдува по спецификација, која е составен дел на Извештајот од извршениот попис и нивната вкупна книговодствена вредност изнесува 4.111,59 денари.

**Член 4**

Отпишувањето на основните средства го врши комисијата за вршење на отпис на основните средства сопственост на Општина Ѓорче Петров – Скопје, формирана од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Комисијата за вршење на отпис на основните средства сопственост на Општина Ѓорче Петров врши увид во фактичката состојба на основните средства кои се предлагаат за отпишување и определува како да се постапи понатаму со отпишаните основни средства.

За својата работа комисијата е должна да изготви Записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров .

**Член 6**

Донесувањето на оваа Одлука значи:

- право на евидентирање на паричната вредност која би се стекнала со евентуална продажба на некои основни средства и на основните средства што општината ќе ги употребува за друга намена за свои потреби, во Буџетот на Општина Ѓорче Петров и
- право на отпишување на утврдената вредност на основните средства кои ќе се уништат и депонираат во отпад од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

Правото на евиденција и отпишување на паричната вредност ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службениот гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-574/22**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колоните самофинансирачки активности и дотации**

Се објавува одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колоните самофинансирачки активности и дотации, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/21**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 34 од Законот за буџети („Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 151/21, 203/22) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 13.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колоните самофинансирачки активности и дотации**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година во колона самофинансирачки активности и во колона дотации, на следниот начин:

**Се намалуваат расходите на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. активности | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10-Основно образование** | | | | | |
| 421220-Дрва | 0 | 0 | -350.000 | 0 | 0 |
| 423110-Канцелариски материјали | 0 | -20.000 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **0** | **-20.000** | **-350.000** | **0** | **0** |

**И се зголемуваат расходите на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. активности | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10-Основно образование** | | | | | |
| 425760-Превозни услуги во образов. | 0 | 0 | 350.000 | 0 | 0 |
| **НА0-Капитални расх. во осн. образ.** | | | | | |
| 480190-Купување на друга опрема | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **0** | **20.000** | **350.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за измена на распоредот на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-574/23**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за 2023 година**

Се објавува одлуката за утврдување на висината на благајнички максимум за 2023 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/22**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/22) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 13.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајнички максимум за 2023 година**

1. Висината на денарскиот износ на благајничкиот максимум на Општина Ѓорче Петров се утврдува во висина на 100.000,00 денари.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе важи до денесување на нова одлука.

**Број 08-574/24** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.03.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на висината на девизен благајнички максимум за 2023 година**

Се објавува одлуката за утврдување на висината на девизен благајнички максимум за 2023 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и седмата седница на советот, одржана на ден 13.03.2023 година.

**Број 09-628/23**
**од 13.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/22) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 13.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на девизен благајнички максимум**
**за 2023 година**

1. Висината на девизен благајнички максимум на Општина Ѓорче Петров се утврдува во висина на 3.000,00 евра или друга странска валута.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе важи до донесување на нова одлука.

**Број 08-574/25** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.03.2023 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**